

СРЕЌНА НОВА ГОДИНА И БЛАГОСЛОВЕН БОЖИК

# Македонски глас

БРОЈ
**40**

GODINA XII. 2004
LISTOPAD-PROSINAC
ОКТОМВРИ-ДЕКЕМВРИ
ЦЕНА 5 кн

ISSN 1333-7769

# ГОЛЕМ БУЏЕТ ЗА ГОЛЕМИОТ ВЛАДЕТЕЛ



"Кога ќе пораснам, сакам да правам подобри филмови од Дејвид Лин и сакам сите да ме сакаат, и црнците и евреите и педерите!" рече Оливер Стоун и храбро ја прифати екранизацијата на освојувачот Александар Македонски од досадниот и продуховен Мел Гипсон, кој полемизираше со формата на мини – серија и со уште подосадниот Мартин Скорсиз, кој откако го исцрпи авторскиот капацитет со жолтото такси и покерот надобудно го ангажира својот штитеник Леонардо Ди Каприо.

**Александар Македонски (356-323 година пред нашата ера) од татко Филип и мајка Олимпија. Учител му бил Аристотел, кој во срцето на Александар длабоко ги всадил филозофијата и медицината. Кога на 20 години станува крал на Македонија почнува со освојување на светот. Кај Ис и Граник ја победил големата војска на Персијанците, а потоа македонската држава ја проширил и кон Египет, Месопотамија па сè до Индија. Негова престолнина била Пела, а некое време и Вавилон. Имал голема војска, која броела 43.000 пешадија и 5.000 коњаници. Умрел во својата 33 година, од досега необјаснети причини.**

**Александар Македонски беше и остана најголемиот владетел на светот.**

*Филмот на Оливер Стоун за најголемиот освојувач на сите времиња и покрај големиот холивудски буџет не ги исполни очекувањата, но во аналите на светската кинематографија ќе остане забележан како прв голем обид за екранизирање на животот, соништата и смртта на Александар Македонски*

Но, Оливер Стоун доби доверба за 200 милиони вредниот буџет и биографијата на оксфордскиот професор Робин Лин Фокс, според чиј труд е напишано сценариото, иако сега Кјубрик по весниците докажува дека веќе цела деценија работи на својата епохална сага за Александар Велики. Вистинитоста на тие тврдења е ирелевантна, зошто Стоун веднаш и без размислување знаеше кои глумачки протагонисти му ги сака срцето и џепот. А кога срцето сака, тогаш срцето и го добива Колин Фарел во насловната улога, кој уште од почетокот на снимањето на филмот го рекламираше секогаш со нови скандали за себе.

Не може на човекот да му се негира креативноста на старата уметничка метода "театрализација на секојдневниот живот". Освен тоа, публиката сигурно е среќна кога на филмското платно ја гледа социјално чувствителната Анџелина Џоли во улогата на мајката на Александар, Олимпија, а ќе остане и без коментар за Вал Килмер, како таткото на Александар, кралот Филип, кој, кутриот, за оваа улога мораше да се здебели дваесеттина кила, па гордо изјавуваше: "Па, се дебелам бесплатно!"

Животната улога не го заобиколи ни Ентони Хопкинс, кој го игра Птоломеј. Така, таа комплексна структура на дејствието која ги соединува победите и трагедиите, спомените на детството и амбициозната кралица мајка, која по секоја цена го сака најсаканиот син на престолот, додека тој детски се занесува со соништата за слава и бесмртност не претчувствувајќи ја осамената и мистична смрт што го чека. Филмот е хроника на генијалноста на еден освојувач кој до 33 година под нозе ќе го има најголемото царство било кога создадено, и уште многу тоа. А нашите ученици петки по историја и горди родители.

GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ

СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ХРВАТСКА

Главен уредник:
МАРИНА АПОСТОЛОВСКА-ВУЈАКЛИЈА
Редакција:
Марко Паризоски - Загреб
Бранка Јаниќ - Осијек
Ратко Димовски - Пула
Владо Настески - Ријека
Аница Плазониќ - Сплит
Мирјана Мајиќ - Задар
Компјутерска обработка: Сашко Дисоски
Лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар: Елизабета Жугај

Ovo glasilo tiska se uz materijalnu potporu Savjeta za nacionalne manjine Republike Hrvatske

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16-1
tel-fax: 01 4872 – 655
e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr
За издавачот: Славица Сагадин
Tisak: NONPAREL d.o.o. Zagreb

Temeljom odredaba čl. 58 stav 3 Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br.22-1992g) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete – Sektor informiranja – 14.7.1993 g.

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10 svibnja 1994 g. ova tiskovina odlobođena je plaćanja poreza na promet.

**На насловната страница:**
**Александар Македонски - мозаик**

#### ДРАГИ ЧИТАТЕЛИ

"Македонски глас" е секогаш отворен за соработка ваши мислења, ставови и погледи.

Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат на адреса на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска за бидат објавени на нашите страници.

ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Редакцијата. Редакцијата е одговорна само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

## ВРЕМЕ НА ИЗБОРИ



Кога овој број на "Македонски глас" ќе го имате во раце, веќе ќе биде започната новата 2005 година. Нормално е кон секој почеток оптимистички да се гледа, односно да се има голема доза оптимизам за она што го очекуваме од него. Така е и овојпат.

А што се однесува до најавите за оваа година, можам слободно да кажам дека треба да очекуваме големи и квалитетни промени, се разбира, во позитивна насока. Пред сè, 2005 година ќе ја обележат локалните избори во Република Хрватска. Како нејзини граѓани, бидејќи таа е нашата втора татковина, секако дека од нас се очекува активно да учествуваме на нив.

Но, за нас Македонците во Хрватска, овие локални избори ќе значат и нешто повеќе од обично излегување на гласачките места. Имено, на овие избори ќе можеме да избереме и свои претставници во органите на локалната власт на хрватската територија. Кажано поинаку, ни се дава можност да избереме (барем) неколку претставници на македонското национално малцинство, кои ќе добијат можност да земат учество во активностите на локално ниво во местата каде што живеат. На ова ниво, постојат бројни проблеми што ги мачат граѓаните и кои чекаат што поитно решавање. Освен тоа, локалната управа е основата на секоја државна управа, како и на секоја демократија.

Шансата што ја пропуштивме на минатите локални избори сега како Македонци во Хрватска ќе треба двојно да ја искористиме. Во тоа нè уверуваат и членовите на Семакедонската координација на советите на нашето национално малцинство, кои веќе интензивно работат за наше потполно вклучување во локалните избори. Значи, она што треба да го направиме е да ги избереме нашите кандидати на гласачките ливчиња и, нормално, да гласаме за нив.

И, не е излишно уште еднаш да спомениме, дека и овојпат единството треба да биде наша водилка. Доколку продолжиме со двоења, антагонизам, "плукање" на најблискиот и уште многу нешта кои досега го "красеа" нашето национално малцинство, повторно ништо нема да добиеме. Само ќе изгубиме. Требаме да бидеме сплотени во ЕДНО и така да постапуваме на секое ниво.

Успехот, ако тоа може така да се нарече, ќе биде јасен показател и за нашето учество на следните парламентарни избори. Иако до нив нè делат уште неколку години, добро е уште сега да се подготвиме како малцинство кое сака демократски да живее во оваа земја и да биде конструктор и креатор на своите права, што овозможува новиот Устав на Р. Хрватска.

За сиве овие нешта "Македонски глас" и во следните броеви детално ќе информира. Секако, при тоа ќе ни биде повеќе од потребна и секоја Ваша информација и совет, што ќе ни послужи за што подобро и поцелосно информирање на припадниците на македонското национално малцинство во Република Хрватска, но и на сите наши хрватски пријатели.

Марина Апостоловска - Вујаклија

Анастас Оцаклиески, претседател на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб и претседател на Семакедонската координација во Р. Хрватска



# ИМАМЕ ДАДЕНИ ПРАВА И ТРЕБА ДА ГИ КОРИСТИМЕ

Малкумина се оние Македонци за кои може да се рече дека сета своја волја, енергија и самопрегор безрезервно ја "трошат" во нашите друштва и организации во Хрватска. Но, еден од нив, сигурно дека сите ќе се сложите, е Анастас Оцаклиески, кого сите ние го знаеме како Сашо. Во изминативе години тој активно е вклучен во активностите и делувањето на македонското малцинство во Загреб и во Хрватска. Сашо својата активност ја почна како обичен член на загребското друштво, за потоа во него да извршува повеќе раководни функции (претседател и член на Управниот одбор). Неговото име се врзува како организатор и реализатор на големите македонски манифестации и тоа: Денови на македонската култура, прославата на 100 години Илинден, Македонската вечер и многу други организирани од МКД "Крсте Мисирков" и Заедницата на Македонците во Р. Хрватска.

Денес Анастас Оцаклиески, како промотор и организатор во формирањето на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, е негов прв претседател. Токму затоа, на овие страници разговараме со него за сè она што е и ќе биде активност на оваа асоцијација.

***Македонски глас: Која е улогата на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб?***

**Оџаклиески:** Советот на македонското национално малцинство е формиран пред повеќе од една година и тоа врз основа на Уставниот закон за правата на националните малцинства во Република Хрватска. По тој основ, во мај 2003 година се распишани избори, на кои се појавивме со наши кандидати, направивме избор и во јули истата година е конституиран Советот. Тој има 25 членови и дејствува на територијата на град Загреб, кој има статус на жупанија. Од денот на конституирањето па до денес постигнати се значајни резултати и тоа: комплетно формирање на Советот, што значи обезбедување простор и финансиски средства за вработување на едно административно лице, па сè до активностите на Советот преку Координацијата на националните малцинства на Град Загреб, со која имаме направено заеднички значаен чекор, во смисол што го изменивме статусот на градот преку неговото Собрание и во него ги вметнавме малцинствата кои досега немаа никаков статус. Ние редовно присуствуваме на сите седници на Градското собрание, каде формиравме и Одбор за национални малцинства, чија претседателка е Морана Паликовиќ-Груден. Значи, во овој изминат период направивме значајни чекори, па затоа во однос на останатите делови на Хрватска, Загреб е пример за уредување на малцинските односи. Така, на колегите од Сплит им помогнавме со совети, искуства, размислувања и достигнувања во формирање на координацијата за решавање на проблемите помеѓу националните малцинства и локалните самоуправи, но и со државните власти на Р. Хрватска.

***Македонски глас: Во однос на другите национални малцинства, каде се наоѓа националното малцинство на Македонците?***

**Оџаклиески:** Советот на македонското национално малцинство е еден од деветте формирани на територијата на Загреб. Нашиот Совет е полноправен член на Координацијата на националните малцинства на Град Загреб, во која јас сум потпретседател и во која активно ги застапуваме интересите на сите национални совети на територијата на Загреб. Нормално, основните одлуки и одредби ги донесуваат советите, а тие, преку Координацијата се презентираат на повисоките нивоа на градската и републичката управа.

***Македонски глас: На 26 ноември 2004 година формирана е Семакедонската координација во Република Хрватска. Зошто беше потребно да се формира ова тело?***

**Оџаклиески:** Формирањето на Семакедонската координација е наше право кое произлегува од Уставниот закон за правата на националните малцинства. Освен тоа, се појави како потреба од причина што од последните парламентарни избори во Хрватска до денес се случија неколку значајни работи за нашето национално малцинство и ние како Совет за Град Загреб се обидовме тоа да го разрешиме со поставување на тоа прашање и пред другите национални малцинства во Загреб. Поточно, се работи за тоа што во Парламентот на РХ нашите права и интереси ги застапува еден застапник, Шемсо Танковиќ, како претставник на албанското, бошњачкото, црногорското, словенечкото и македонското национално малцинство. Нашиот Совет сметаше и сега смета дека е тоа неадекватно застапување и, заедно со другите национални малцинства, се обидовме да покренеме иницијатива за проблемот што не сме добро застапувани. Но, кога почнавме да работиме на тоа прашање, сфативме дека ние немаме ингеренции и права да го решаваме тој проблем за сите Македонци во Хрватска. Затоа, се појави потреба да се обединат сите македонски совети за да се донесе адекватна одлука. Потоа, по иницијатива на нашиот





*Последни договори пред формирањето на Семакедонската координација*

Совет во Загреб, го покренавме прашањето за формирање на таа координација на советите на македонските национални малцинства. По половина година и заедничкото поставување на сите прашања со претседателите на советите и претставниците на нашето национално малцинство, дојдовме до заклучок дека треба да го формираме тоа тело, со кое имаме право и кое ни овозможува да ги решаваме нашите проблеми. Така се случи свеченоста во хотелот "Палас" во Загреб, на која беа потпишани спогодбите и ја формиравме Семакедонската координација во Р. Хрватска. Потписници на оваа спогодба се советите на градовите Пула, Риека, Сплит и Загреб, кој има статус на жупанија, а кон неа пристапија и претставниците на: Приморско–горанската, Сплитско–далматинската и Истарската жупанија.

***Македонски глас: Кои се главните задачи на Семакедонската координација?***

**Оџаклиески:** Првенствено ќе го решаваме прашањето за застапеноста на македонското национално малцинство во Парламентот на РХ. Сметаме дека и покрај тоа што изборите неодамна се одржаа, не е прерано за овој наш чекор и сметаме дека до крајот на мандатот на оваа влада ќе се обидеме ова наше барање да дојде до сите инстанции на власта. Се надеваме дека ќе успееме во тоа, што не зависи многу од нас, туку ќе зависи и од самите власти.

***Македонски глас: Во оваа година Хрватска ќе ги има и своите локални избори. Како на нив ќе дејствува Семакедонската координација во Р. Хрватска?***

**Оџаклиески:** Иако двапати досега имавме можност да избереме свои претставници во локалната самоуправа на Р. Хрватска, тоа не го сторивме. Сега имаме можност да избереме преставници на ниво на неколку хрватски жупании, со оглед на тоа дека оваа задача не ѝ припаѓа на досега избраните совети и претставници на нашето малцинство. Семакедонската координација ќе се организира за таа цел да се изберат наши претставници за да можеме да бидеме потполно политички застапени и да се организираме насекаде во ова земја во која живееме и ја сметаме за своја втора татковина.

***Македонски глас: Кои се приоритетните задачи на координацијата во оваа 2005 година?***

**Оџаклиески:** Наши главни задачи ќе бидат: лобирање и подготвување за комплетно застапување на нашето национално малцинство во идниот парламент на Република Хрватска и избор на наши претставници во локалната управа. Секако дека воедно ќе се обидеме да ги решаваме сите оние прашања што ќе бидат во ингеренција на сите наши совети.

***Македонски глас: Кој сте Вие приватно господине Оџаклиески?***

**Оџаклиески:** Јас сум човек во раните шеесетти години. Оженет сум и татко на два возрасна сина, а веќе имам и мала внука. По професија сум економист, но сега сум во пензија. Своето слободно време најмногу го имам посветено на македонското национално малцинство, со една единствена цел да бидеме што подобро претставени во средината каде што живееме и да го задржиме рејтингот што го имаме досега стекнато.

Во Хрватска, како една од следните кандидати за Европската унија и како неграничен сосед на Македонија очекувам дека и во иднина ќе доаѓат Македонци како економска емиграција. Затоа и понатаму ќе треба секогаш да бидеме добро организирани, а луѓето што доаѓаат овде да ги прифаќаме, да ги канализираме и воедно да ги штитиме нивните права во рамките на оваа држава каде што сме ние долгогодишни граѓани и каде како малцинство имаме некои права што ни се дадени и кои треба да ги користиме.

# ОРГАНИЗАЦИСКИ ПРАШАЊА

Почитувани членови и пријатели, дозволете да Ви се обратиме!

Започнува нова година во која Заедницата на Македонците во Република Хрватска планира да оствари големи и амбициозни програми. За успешно реализирање на истите, освен лицата службено задолжени за функционирањето на Заедницата, потребна е и Ваша ангажираност, но пред сè добронамерност, а за општо добро на сите Македонци во Хрватска.

Како што Ви е познато, Заедницата редовно го објавува списанието **Македонски глас** во кое ве известуваме пред сè за остварените програми, па тоа го продолжуваме и оваа година. Исто така на полето на информирањето повторно стартува **web - страницата** на Заедницата, а нашата **e-mail** адреса веќе неколку месеци е во функција. Што се однесува до **издаваштвото** и во оваа година се пријавени неколку литературни проекти и се надеваме дека од страна на Советот за национални малцинства во РХ ќе добиеме финансиски средства за да можеме да продолжиме со издавањето на книги, секоја година барем неколку.

На ниво на Заедницата за оваа 2005 година планирани се повеќе **културни манифестации** во соработка со друштвата, а најмасовна од нив ќе биде прославата на Илинден која, повторно, планираме да ја одржиме во Самобор.

За потсетување

За наше заедничко добро мислиме дека е потребно **да ве потсетиме** на некои битни организациски прашања за функционирањето на Заедницата.

Најнапред, Ве потсетуваме дека Заедницата е формирана во 1991 година, а списанието Македонски глас се печати од 1993 година. **Заедницата** е вонпартиско, неполитичко и непрофитно здружение и дејствува и ги извршува своите законски обврски според **Статутот** врз основа на Законот за здруженија во Р. Хрватска и другите законски акти кои ги регулираат правата на националните малцинства. **Членови на Заедницата** се македонските културни друштва (МКД). Секое друштво има свој Статут, кој ги регулира правата и обврските на своите членови и по кој секое друштвото самостојно дејствува и исто така е обавезно да ги извршува своите законски обврски.

**Тела на Заедницата** се: Собрание, Управен одбор и Надзорен одбор. Заедницата ја претставуваат: претседателот и двајца потпретседатели и дуги лица кои ги именува Управниот одбор на Заедницата, како секретар, главен уредник на "Македонски глас" и други. Вашите **делегати** во Собранието на Заедницата и **претставици** во Управниот и Надзорниот одбор на Заедницата имаат чест да ги претставуваат вашите интереси, но и да ги извршуваат своите обврски кои произлегуваат од Статутот на Заедницата.

**Заедницата е централно тело** што има задача да ги застапува интересите на Македонците на ниво на Хрватска, да ги проследува информациите и материјалите до друштвата битни за нивната работа, да врши трансфер на средствата, да дејствува советодавно и да настојува друштвата да ги извршуваат својоите обврски во предвидените рокови. Најголема улога во функционирањето на Заедницата и друштвата имаат **претседателите** кои како членови на Управниот одбор на Заедницата најдобро се запознаени со работите во Заедницата, со информациите од Заедницата и затоа должностите и одговорностите на претседателите се многу големи. Нивната **ангажираност, одговорност и соработка** со членовите на телата во друштвата се најважни фактори за успешното остварување на програмите на секое друштво посебно, па така и на Заедницата. Затоа **членовите на друштвата** преку претставниците во телата на своите друштва и директно на седниците на Собранијата имаат право да дознаат за работата на своето друштво, да предлагаат и да бидат бирани во телата како во своето друштво, така и во телата на Заедницата. Но, да Ве потсетиме: **законски членови** на друштвата се оние кои своето членство го потврдуваат со плаќање на членарината и ги исполнуваат и другите свои обврски спрема Статутот на друштвото.

На крајот, од Статутот на Заедницата го пренесуваме последниот став од член 11. кој го дефинира и оваа право и обврска на членовите на Заедницата, а гласи:

**"... da čuvaju i podižu ugled vlastitih udruga i ugled i dostojanstvo Zajednice."**

Со надеж дека оваа година ќе бидеме поуспешни во остварувањето на програмите и во подобрувањето на меѓусебните односи, на Вас и вашите семејства Ви посакувам среќа, радост и остварување на желбите.

Од името на Заедницата на Македонците во Хрватска,

Анка Рабузин

Седма манифестација на културното творештво на националните малцинства во Р. Хрватска

Sedma manifestacija kulturnog stvaralaštva nacionalnih manjina u R. Hrvatskoj

# ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА КУЛТУРИТЕ ВО "ЛИСИНСКИ"

*Македонското национално малцинство го претставија МКД "Крсте Мисирков" од Загреб и "Кочо Рацин" од Пула*



Под покровителство на претседателот на Владата на Република Хрватска, д-р Иво Санадер, а во организација на Советот за национални малцинста на Република Хрватска, на 7 ноември 2004 година во Концертната сала "Ватрослав Лисински" во Загреб се одржа VII Манифестација на културното творештво на националните малцинства во Република Хрватска.

Учествуваа 16 заедници, сојузи, унии и културни друштва со над 500 учесници.

Во името на Советот на националните малцинства во Република Хрватска присутните ги поздрави претседателот Александар Толнауер:

"Osobita mi je čast što Vas večeras mogu pozdraviti i zaželjeti dobrodošlicu na VII. tradicionalnoj Manifestaciji kulturnog stvaralaštva nacionalnih manjina, u ime Savjeta za nacionalne manjine Republike Hrvatske.

Posebno zadovoljstvo čini mi pozdraviti predsjednika Vlade Republike Hrvatske, dr. Ivu Sanadera, kao pokrovitelja ove manifestacije, potpredsjednicu Vlade, Jadranku Kosor, izaslanicu predsjednika Republike, Sandru Krvavicu, ministra kulture, Božu Biškupića, predstavnike diplomatskog zbora u RH, predstavnike Europske komisije i Misije OESS-a u RH, drage goste i cijenjene sudionike programa.

Unatoč post-ratnim i tranzicijskim poteškoćama Republika Hrvatska je uspjela stvoriti cjeloviti model zaštite nacionalnih manjina na državnoj, regionalnim i lokalnim razinama i uskladiti ga s europskim iskustvima i normama. Njime se nacionalnim manjinama osigurava očuvanje i razvijanje etničkog, kulturnog, jezičnog i vjerskog identiteta, bilo pojedinačno, bilo s drugim građanima, pripadnicima nacionalne manjine.

Prema Ustavnom zakonu o pravima nacionalnih manjina, mogu koristiti svoj jezik i pismo u službenom komuniciranju i surađivati u ostvarivanju svojih manjinskih prava s nadležnim institucijama države matičnog naroda. Republika Hrvatska jamči nacionalnim manjinama prava na zastupljenost u Hrvatskom saboru, predstavničkim tijelima jedinica lokalne i područne samouprave.

Savjet za nacionalne manjine kao krovno tijelo svih nacionalnih manjina preuzelo je odgovornost i brigu za ostvarivanje njihovih prava. Ostvarivanje prava podrazumijeva njihovu integraciju u hrvatsko društvo, ali i očuvanje svih posebnosti, odnosno njihovog manjinskog identiteta. Na taj će način Republika Hrvatska očuvati svoju multikulturalnost, multietničnost i multikonfesionalnost i kao takva bit će prepoznata i integrirana u obitelji europskih naroda.

Uvjeren sam da će ova manifestacija i njezin program pokazati visoku razinu kulturnog stvaralaštva naših nacionalnih manjina, kulturne različitosti, koje za nas predstavljaju neizmjerno bogatstvo i koje nas povezuju ne samo međusobno, nego i s mnogim europskim narodima. Od velike je važnosti animiranje i uključivanje mlade generacije na njegovanju i očuvanju svojeg nasljeđa i kulture što pridonosi promicanju povjerenja i tolerancije u našem društvu.

Republika se Hrvatska i ova Vlada na čelu s Ivom Sanaderom opredijelila za dosljednu zaštitu ljudskih i manjinskih prava i to nas sigurno vodi prema Europskoj uniji.

Na kraju zahvaljujem se Vladi i posebice premijeru Ivi Sanaderu kao našem pokrovitelju, Vladinom uredu i Savjetu za nacionalne manjine, kao i svima Vama koji večeras prisustvujete ovoj manifestaciji."

Присутните гости и учесниците ги поздрави и претседателот на Владата, д-р Иво Санадер. Прво ја истакна важноста на овие манифестации со која националните малцинства се докажуваат како делови на хрватското општество кои имаат право да ја негуваат својата култура, јазикот, традицијата и обичаите. Потоа, тој нагласи дека оваа Влада и понатаму финансиски ќе ги поддржува програмите на националните малцинства, па вети дека во 2005 година материјалните сретства за работата на здруженијата на националните малцинства ќе се зголемат за 10%. На крајот, д-р Санадер рече дека за оваа Влада важно е дека малцинствата се богатство за секоја држава, а за Хрватска се мост на пријателство и разбирање на хрватскиот народ и народите на кои им припаѓаат малцинствата.

Заедницата на Македонците во Република Хрватска настапи со секциите на МКД "Крсте Мисирков" од Загреб и "Кочо Рацин" од Пула вод водство на Славица Сагадин. Уште по првите тактови на македонскиот мелос и појавата на пејачите во убавите раскошни носии со песната "За кого ти цути Дано лицето" публиката ги дочека со голем аплауз. Потоа, ги изведоа ората "Рамното" и "Пајдушката" во кореографија на Зико Георгиев. Играорците, музичарите и пејачите достојно претставија еден дел од културата на македонското национално малцинство кое живее во Хрватска.

Завршниот дел од приредбата го исполнија сите учесници со химната на Европската унија "Ода на радоста" и беа испратени со долготраен аплауз.

М. Паризоски

Управен одбор на Заедницата
Upravni odbor Zajednice

# СОСТАНОК НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Третата седница на Управниот одбор на Заедницата се оджа на 11 декември 2004 година. На седницата присуствуваа доволен број на членови кои можеа да донесат правно важечки одлуки.

Според предложените точки на дневниот ред е водена дискусија и се донесени одредени заклучоци и одлуки важни за работата на Заедницата и нејзините друштва:

- усвоен е записникот од втората седница,
- потполно е реализиран финансискиот план за списанието "Македонски глас" (број 39),
- реализирана е и излезе од печат книгата "Танго" од авторката Марина Апостоловска, во издание на Заедницата,
- Борислав Павловски го извести Управниот одбор дека неговата книга со наслов "Од текста до представе", која ќе биде издадена од Заедницата, ќе ја подготви за печат до крајот на 2004 година,
- донесен е предлог за план и програма за работа на Заедницата во 2005 година со сите програми на нејзините друштва,
- донесена е одлука за промени во вршењето на должностите во редакцискиот одбор на списанието "Македонски глас" и дадени се нови предлози и мислења за прилозите во понатамошните броеви.
- според информацијата дека Македонците од Пожега, според нивната застапеност во тој крај, имаат желба да формираат македонско културно друштво, одлучено е Заедницата да помогне во формирањето со сите потребни податоци. Секако радува информацијата дека и Македонците од помалите места во Хрватска покренуваат иницијатива за организирање на национални културни друштва, во кои ќе можат да го истакнат својот културен идентитет.



Загреб Zagreb

# ВОНРЕДНО ИЗБОРНО СОБРАНИЕ НА МКД "КРСТЕ МИСИРКОВ"

На 13 ноември 2004 година МКД "Крсте Мисирков" одржа вонредно изборно собрание на иницијатива од 1/3 од членството на Друштвото, а врз основа на членот 20 од Статутот. Собранието започна со работа со задоцнување од 45 минути до кога пристигнаа и беа присутни 34 членови на Друштвото со право на глас.

Присутните ги поздрави Вера Наумовска, советничка во амбасадата на Република Македонија во Република Хрватска.



Исто така, присутните ги поздрави и Славица Сагадин, претседателка на Заедницата на Македонците и истакна дека единството е важно во работата на македонските културни друштва и дека не треба да заборававме дека тие ги носат имињата на најголемите борци за македонската култура, јазик и политичка независност.

Претседателот Марјан Гиговски извести дека ова вонредно Собрание се одржува поради тоа што редовното Собрание од 28 февруари 2004 година не го верифицира Градската канцеларија за општа управа на Град Загреб. Причина за тоа е што група од четири членови на друштвото поднесоа приговор со потписи дека собранието почнало со работа без да се чека 30 минути, како што е предвидено според Статутот. Градската канцеларија тоа го направи и покрај тоа што, од нивна страна повиканите двајца членови на верификациската комисија на одржаното собрание со потписи, под морална и материјална одговорност, изјавија дека собранието започна со работа со исполнети услови според Статутот, со задоцнување од 40 минути.

Во меѓувреме, на 25 октомври 2004 година, со Иницијативен одбор од само 9 службени членови на Друштвото, се одржа таканаречено паралелно Собрание кое избра ново раководство на МКД "Крсте Мисирков". Таквото Собрание, кое не ги исполнува условите од Статутот, Градската канцеларија за општа управа на Град Загреб го верифицира, со решение од 4 ноември 2004 година, на изненадување на поголемиот дел на членството на Друштвото.

►

На ваквата одлука на Градската канцеларија поднесена е жалба со потписи на, според Статутот, службени членови на Друштвото (платена членарина), како прв и основен услов што ја чини структурата на едно друштво.

Според предложениот дневен ред избрани се работните тела, а потоа е усвоен Деловник за работа на Вонредното изборно собрание.

Со расправа по точките од дневниот ред и дискусија на повеќе членови Собранието ги донесе следните одлуки:

- со јавно гласање се прогласува за неважечко Собранието одржано на 25 октомври 2004 година и сите негови донесени одлуки (2 гласа против и 1 воздржан),

- се потврдуваат одлуките донесени на Собранието од 28 февруари 2004 година и тоа: извештаите за работата на друштвото, финансискиот и извештаите на Надзорниот одбор и на Судот на честа,

- од 11 членови на Управниот одбор потврдени се 10, а на еден член му е изгласана недоверба и на негово место е избран нов член,

- се потврдуваат за претседател на друштвото Марјан Гиговски и за потпретседател Анастас Оџаклиески,

- се потврдуваат членовите на Надзорниот одбор,

- членовите на Судот на честа од лични причини поднесоа оставка, а како нови членови се избрани Кирил Винокиќ, Душан Чешмаџиски и Александар Тасевски.

Собранието ја потврди точноста на почетокот на редовното годишното Собрание одржано на 28 февруари 2004, коешто почна со работа во 11 часот и 10 минути (а закажано беше во 10 часот и 30 минути).

Управен одбор на МКД "Крсте Мисирков"

Пула Pula

# РЕЗУЛТАТИТЕ НА СОВЕТОТ ВО 2004 ГОДИНА

"Крајот на годината е период кога се сумираат сите резултатите за постигнатото, а врз основа на тоа се создаваат планови и насоки за натамошна работа", гласеше централната точка на дневниот ред од неодамна одржаниот состанок на делегацијата на Советот од македонското национално малцинство на Град Пула. Како посебен вовед, претседателката д-р Олга Ангеловска посочи на сторените чекори за создавање на Семакедонската координација како главно тело на Советите на македонските национални малцинства во градовите и жупаниите, која веќе го најде своето место и оствари соодветни резултати.

Ставена на гласање таа одлука беше едногласно прифатена и поддржана особено врз основа на заклучокот од дискусијата за воопштеност и неопределеност на досегашниот облик на застапување, врз конкретните прашања и предлози, кои потекнуваат од организациските структури на овој дом.

Како активност од големо значење за организирањето и работата на ова тело, назначено е ажурирањето на евиденцијата на Македонците и нивните семејства во Пула и Истра. Врз основа на тоа би се овозможило студиозно анализирање на социјалниот, стамбениот и другите статусни прашања, како соодветни параметри за квалитетот на живеењето на Македонците на ова подрачје. Истовремено, кога ќе се утврдат поголем број на лица и семејства од македонско потекло со овој процес би се организирале активи на советот, кои би ја спроведувале, насочувале и конкретизирале активноста по одредени прашања, како би биле презентирани низ претставничкиот систем.

Како најзначаен проблем на Советот на македонското национално малцинство во Град Пула истакнато е немањето соодветни работни простории, но според ставовите на градоначалникот д-р Луциано Делбианко и надлежните во општината, проблемот е во тек на решавање и усогласување со законските норми и регулативи.

Сметката не би била сметка, доколку и парите не би се спомнале, па така на овој состанок изнесен е и усвоен извештајот за материјалното и финансиското работење и користење на наменските средства. Притоа е утврдено дека доцнењето во организациските фази на изборите и консолидирањето на Советот на македонското национално малцинство, како и техничките прашања во неговото декларирање и регистрација, се одразиле врз финансирањето на првата фаза на неговото организирање, консолидирање и работата во изминатиот период.

Р.Д.

Риека Rijeka

# ХРВАТСКИ СУВЕНИРИ - ИЗЛОЖБА ВО КЛУБОТ НА МКД "ИЛИНДЕН" ВО РИЕКА



Во организација на Македонското културно друштво "ИЛИНДЕН" од Риека, во неговите простории, отворена е изложба на ракотворби, везани слики и честитки со мотиви од хрватскиот народен вез, под име **ХРВАТСКИ СУВЕНИРИ** од авторот г-ѓа АНКА РАБУЗИН. Се работи за изработки што се извезани на изворно домашно платно, по шеми и во изворни бои. Според изјавата на авторката,

основна инспирација и била богатото хрватско творештво на разни носии и народните обичаи. Оваа трета по ред изложба од авторката Рабузин (Задар, Пула и Риека) кај членовите на Илинден побуди голем интерес, за што ни говори присуството на голем број членови на отворањето. Оваа изложба беше проследена и од другите медиуми, како ХРТ и "Нови лист".

Г-ѓа Анка Рабузин живее и работи во Република Хрватска каде што има завршено Технолошки факултет, на програмата за текстилна индустрија, во Загреб. Со овој вид на техника се занимавала уште во најраното детство. Дома во својата родна средина научила да плете, везе, како и други изработки со текстилот, па нејзиното знаење и желба да му се посвети на везот ја инспирирале да заврши соодветно образование. Стекнатото искуство г-ѓа Рабузин го пренесувала и на нејзините ученици во текстилното училиште во Забок. Исто така, ја води секцијата за везови и изработки на народни ракотворби "Везилки" во МКД "Крсте Мисирков" од Загреб, со која има остварено видни резултати.

Изложбата ја отвори претседателот на Друштвото, г. Илија Христодулов, кој со краток осврт ја претстави авторката и нејзините експонати. Во Риека изложбата ќе биде поставена до 18 јануари 2005 година.

В.Н.

Сӣлиӣ Split

# КООРДИНАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА

На покана на Советите и претставниците на националните малцинства на градот Сплит и Сплитско–далматинската жупанија на 15 ноември 2004 година одржан е заеднички состанок со раководството на Координацијата на националните малцинства на град Загреб, односно со неговите членови Давид Д. Орловиќ и Анастас С. Оџаклиески, на кој беа изнесени размислувањата на претставниците на сите национални малцинства на загрепбската жупанија. Искуствата на оваа Координација, што е формирана на 10.12.2003 година, се доста успешни, а притоа е постигната добра соработка и со локалната самоуправа на Загреб (Градското поглаварство) и со Собранието на градот, преку измените на Статутот на градот Загреб и формирањето на нов одбор за националните малцинства, како и со соработката со другите институции во Р. Хрватска и странство.

Сплиќаните се согласија дека би било добро и тие да формираат Координација на ниво на Сплит, но и на ниво на жупанија, па донесоа одлука таа да се конституира на Денот на човековите права, односно на 10.12.2004, со надеж дека и нивната координација ќе дејствува во ист правец и со исти дострели како и Загребската жупанија. На крајот е заклучено дека по формирањето на Сплитската координација ќе продолжат контактите и меѓусебните разменувања на позитивните искуства со Координацијата во Загреб.

А.П.

Сӣлиӣ Split

# АКТИВНОСТИ НА СОВЕТОТ НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО

Во рамките на подготовките за потпишување на спогодбата на Семакедонската координација, на 15 ноември 2004 година во Сплит е одржана редовна седница на Советот на македонското национално малцинство на овој регион.

Една од точките на дневниот ред беше и донесувањето одлука за пристапување на овој Совет кон Семакедонската координација на советите во Р. Хрватска и избирање претставници на нашето национално малцинство што живее во земјава. Поради тоа, на оваа сплитска седница присуствуваше и претседателот на Советот на македонското национално малцинство на град Загреб, господинот Анастас Оџаклиески. Тој говореше за местото и улогата на советите и нивните членови како политички претставници на нашето национално малцинство во РХ, нивните обврски и очекувања, како и за плановите и задачите на Семакедонската координација која треба да ги обедини сите важни и заеднички проблеми и права на едно место, каде секој член би бил претставуван преку своите избрани членови во советите.

Членовите на Советот на македонското национално малцинство од Сплит донесоа едногласна одлука за вклучување на ова тело кон Семакедонската координација.

А.П.

Сӣлиӣ Split

# ФОРМИРАНА СПЛИТСКАТА КООРДИНАЦИЈА

На денот на човековите права, 10 декември 2004 година, веќе однапред конституираните Совети на националните малцинства во градот Сплит и Советите на националните малцинства при Сплитско–далматинската жупанија, на свечен начин ја потпишаа својата Координација. Инаку, во Сплит постојат четири конституирани Совети на националните малцинства и тоа: македонскиот, црногорскиот, словенечкиот и српскиот.

За претседател на Координацијата на ниво на градот е избран Боривоје Стевовиќ, инаку претседател на Црногорскиот совет, а за потпреседатели назначени се Аница Плазониќ, претседателка на Македонскиот совет, Надежна Етеровиќ, претседателка на Словенечкиот совет и Јово Грркиниќ, престседател на Српскиот совет.

И во Сплитско–далматинската жупанија постојат три совета, кои исто така на тој ден ја потпишаа својата Координација. За претседател е избран Боштјан–Матијаж Кодрик, од Словенечкиот совет, а потпреседатели се: Драган Радојевиќ, претседател на Црногорскиот совет и Момчило Русиќ, претседател на Српскиот совет.

Македонците немаат право да формираат свој совет при Сплитско–далматинската жупанија, бидејќи немаат регистрирано повеќе од 500 граѓани во жупанијата, но затоа избраа свој претставник, а тоа е Владимир Апостолски.

А.П.

Загреб Zagreb

# ИЗЛОЖБА "КРУНИСАН БРАН" (OKRUNJENI VAL)



Во организација на Хрватско-македонското друштво од Загреб, на 11 ноември 2004 година, во Градската кафеана е отворена изложба на сликарката Круносалава Куљиш под име "Крунисан бран".

Изложбата се одржа по повод 11-тата годишнина од формирањето на Хрватско-македонското друштво, а под покровителство на Министерството за надворешни работи.

Изложбата беше ревија на насликани облеки со морски мотиви од хрватските јадрански градови како, на пример, Дубровник и накит изработен од предмети пронајдени на плажата на островот Вис. Како манекенки, моделите ги носеа членките на пејачката група "Езерки" на која им припаѓа и самата сликарка.

Ако манекенките во насликаните облеки ги наречеме "подвижни слики", на изложбата имаше и "статични слики" изработени на благородниот материјал - свилата, инспирирани од природни бои. Изложбата е потполнета со креативни еколошки торбички на младата Марина Преловшек, студентка по дизајн, изработени од картон, кокос-хартија со апликации од природни материјали.

На отворањето на изложбата на присутните гости сликарката и нејзината уметност ја претстави Јудита Реј Худечек.

"Иако Круносалава Куљиш, инженер по технологија, доцна во својот живот зачекори во светот на уметноста, таа ни покажа како за нови почетоци во жовотот никогаш не е доцна. Нејзиниот немир и сензибилност како да не можеа да чекаат публиката да дојде до нејзините слики, туку таа ги праќа кон луѓето. Впиената убавина на морските бранови и на цветните градини ги сопира на свилата, ги обликува на облеките, па така осликаните креации, односно слики за облекување, ги праќа на прошетка по улиците на разни светски градови.

Патот на нејзините слики има продолжение зашто како што морето секој пат на бреговите изнесува нешто ново од својата длабочина, така и Круносалава Куљиш изненадува со нови бои и идеи."

М. Паризоски

Задар Zadar

# 11 ОКТОМВРИ ДЕН НА АНТИФАШИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА

Прославата по повод "11октомври" беше на свечен начин обележена во МКД "Билјана" од Задар. Свеченоста ја зголеми и присуството на претседателката на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, г-ѓа Славица Сагадин. Бидејќи сето ова беше подготвено по промоцијата на книгата "Калинка Нар", се разбира дека беше присутен и авторот Ратко Димовски. Членовите од МКД "Билјана" така добија прилика да се запознаат со претседателката Сагадин и со неа да разменат мисления, како и да ѝ поставаат прашања во врска со сите македонски здруженија во Република Хрватска.

На задоволство на сите членови со скромна закуска вечерта мина со песни и ора. Како гостин на нашата свеченост беше и председателот на Диабетското здружение од Задар, г. Мичиќ.

М.М.



Благодарност за... Zahvalnost za

# ДЕНОВИ НА КОЧО РАЦИН

По покана на МКД "Кочо Рацин" од Пула учествувавме на нивната манифестација. Бевме позитивно изненадени од пречекот од страна на претседаталката Славица Сагадин, сместувањето и сѐ друго. Градот го прошетавме во друштво со Сплиќаните и учесничката од Осиек.

Актуелности

ZAGREB
ЗАГРЕБ

Вечерта беше успешно организирана. Голема восхит ми дадоа сите учесници од свечаните денови на "Кочо Рацин". Посебно ме импресионира излагањето на проф. Павловски, посветено на животот и делото на Кочо Рацин. Исто така дружењето со членовите на македонските друштва во Република Хрватска, како и малите "Ѕвездички" и групата "Пела" од Словенија. Сите рецитатори добија по една слика од Виолета Јуван, со што бев лично изненадена и благодарна.

Честитки на организаторите на МКД "Кочо Рацин" од Пула и благодарност за топлиот прием им упатува МКД "Биљана" од Задар.

М.М.

Задар Zadar

# ПРОМОЦИЈА НА "КАЛИНКА НАР" ОД Р. ДИМОВСКИ



На 11 октомври 2004 година, а по повод на македонскиот национален празник, во Задар беше организирана промоција на книгата "Калинка Нар" на Ратко Димовски. Посебна гостинка на оваа промоција беше претседателката на Заедницата на Македонците во Хрватска, г-ѓа Славица Сагадин.

Најнапред на сите присутни им се обрати Тања Јовановска, претседателката на МКД "Билјана", која на сите Македонци им го честита празникот "11 Октомври".

Младата членка Марија Јовановска ја прочита песната "Калинка". Потоа, предавачката на оваа промоција, Мирјана Мајиќ, го претстави авторот Ратко Димовски со куса биографија. Ви пренесувам дел од промоцијата на книгата "Калинка Нар", која според мислењето на авторот беше успешно направена.

"Со двојазичното пишување на романот намерно е поместен следот на текстовите на двата јазика, кои еден по друг, се следат наметливо, арогантно и агресивно, а тоа лесно може да се протолкува како грешка. Тоа е направено намерно, како би се наметнала книгата пишувана на таков начин и содржината, во прв ред, на младата генерација Македонци во РХ и на Хрвати во РМ. Писателот вели дека од искуство знае дека младите Македонци во Хрватска малку го познаваат својот јазик (секоја чест на некои). Кога се чита оваа книга, без оглед на писмото и јазикот, на читателот ќе му биде јасно дека јазикот и писмото не се причина за неписменост и несфаќање. Оваа книга не е во оригинал преведена на хрватски јазик. Секој дел од оваа книга го сочувал својот аспект, секој има свој живот и карактер според содржината. Влегувајќи во низот на интригантните случувања во четириесеттите години на минатиот век, одеднаш се прикажуваат доживеаните случки од актерите па така вистината излегува на видело по дваесетина години во полн сјај и големина. Минатото и сликите од животот не се избледени па секој го носи своето бреме и неговиот белег. Намерата на писателот му била да ја истакне големината на хуманоста и на љубовта во малиот приватен и интимен живот низ кој се провлекуваме и само е тој реален во однос на политиката која е режија на војни со крвопролевања и како сценарио за хорор. Во овој роман секоја личност сама си го креира својот живот борејќи се притоа со пречките, тешкотиите и противниците. На прво место овде се опишува љубовта на двајца млади од спротивните страни. Таа, млада убава Македонка од богато и образовано семејство, тој офицер на непријателска војска. Калина и Николо. Николо е регрутиран за времето на Мусолини во Пореч, Истра, која во тоа време била под власта на Италија. Ама, љубовта нема граници. Од оваа страсна љубов родена е Артемида, за која ни самите родители не знаеле долго дека постои. За жал војната ги раздвоила", беше речено на промоцијата.

Многу прашања му беа поставени на Димовски, а тој подготвено одговори на сите.

Голема благодарност за соработката на сите членови на МКД "Биљана" и на сите гости, а пред сè на "Градската библиотека Задар", во чии простории се одржа оваа промоција.

М.М.

Во Загреб и Пула U Zagrebu i Puli

# ОДРЖАНИ МАКЕДОНСКИ ВЕЧЕРИ



Традицијата не беше изневерена и годинава - во Загреб и Пула беше одржана "Македонска вечер". И двете манифестации се остварија на 14 јануари 2005-тата година, во присуство на голем број Македонци и нивни хрватски пријатели.

Во Загреб на Македонската вечер присуствуваа 200 гости. Атмосферата беше весела и пријатна, а подиумот за игра постојано полн со луѓе, кои танцуваа до раните утрински часови. Дел од атмосферата можете да ја видите и на нашите фотографии.

Според штурите информации од Пула, и таму Македонската вечер минала во прекрасна атмосфера. Присутни биле 350 гости, а песната, играта и веселбата траела долго во ноќта.

# ИМЕТО НА МАКЕДОНИЈА

Во организација на Хрватско-македонското друштво од Загреб, на 9 декември 2004 година во аудиториумот на Еврејската општина се одржа трибина од циклусот "Нашето пријателство вчера, денес и утре", со тема: "ИМЕТО НА МАКЕДОНИЈА: игри без граници, десет години после".

Покровител на манифестацијата беше Министерството за надворешни работи на Република Хрватска.

Трибината, пред многубројните посетители, ја отвори претседателката на ХМД, Јудита Реј Худечек, која, меѓу другото, нагласи:

"Srdačno zahvaljujemo domaćinima što ćemo biti u ovako ugodnom društvu. Čast mi je pozdraviti njegovu ekselenciju gospodina Mahi Nesimija, veleposlanika Republike Makedonije, gospodina Andriju Karafilipovića, koordinatora hrvatskih društava prijateljstva koji nas prati i hrabri od naših početaka i pomaže sve naše akcije, i sve naše drage prisutne goste. Posebno pozdravljam našeg večerašnjeg izlagača, lingvista dr.sc. Alemka Gluhaka. Ovo je jubilej i to je prilika da o istoj temi čujemo i nakon deset godina. I onda je bilo riječi o imenu Makedonije, kako nazvati državu i narod koji postoji i vidjeti je li se od tada nešto promijenilo."

Темата на Алемко Глухак носеше наслов: "POIGRAJMO SE IMENIMA NARODA - Makedonci i njihovo negrčko ime". "Македонски глас" текстот ви го презентира во целост:

Drevni Makedonci po svojem jeziku nisu bili Heleni. Jezik Filipovih i Aleksandrovih predaka bio je isto tako daleko od suvremenog mu grčkog jezika.

Ima li grčko-makedonski "spor" usporednica u Zapadnoj Europi?

Imena naroda i zemalja nastaju na najrazličitije načine, a onda s vremenom isto tako na različite načine i mijenjaju. Malo je naroda u svijetu koji bi u cijeloj svojoj povijesti imali jedno svoje ime.

Zato je pomalo čudna briga mnogih grčkih političara za ime Makedonije. Oni su od 1992 godine, od neovisnosti Makedonije, ustrajni u tome da se Makedonija mora preimenovati, jer da pravo na to ime imaju samo Grci.

Kao i mnogi narodi, tako je i slavenski narod, makedonski, nastajao dugo vrijeme. Ime Makedonci ustalilo se u prošlom i u ovom stoljeću. Makedonski se narod nazvao po imenu zemlje u kojoj živi.

Neke zajednice imaju ime poteklo od naziva za rodovski ili plemenski totem ili po mjestu i osobinama toga mjesta gdje zajednica živi. Ima naroda koji svoju domovinu nazivaju po svojem imenu, na primjer Hrvati svoju zemlju nazivaju Hrvatska, Bugari - Bugarska itd.

Ima naroda koji žive u zemljama drugih naroda kao: Hrvati žive u Bosni i Hercegovini ili Kurdi koji žive u Turskoj, Iraku i Iranu.

Ima naroda kojima se njihova domovina zove sasvim drugačije nego što je narodno ime. Belgijanci si Belgijanci, ali su ipak to Valonci i Flamanci.

Drevna Makedonija i njezino ime

Ime Makedonije je veoma staro, za nj se zna više od dva i pol tisućljeća. Ali ono uopće nije grčko, kao što to grčki političari tvrde već desetljećima.

Drevni Makedonijani po svojem jeziku nisu bili Heleni, nego je njihova kultura vremenom helenizirana, pa su i prešli na grčki jezik. Malobrojni ostaci drevnomakedonskog jezika pokazuju da se on podosta razlikovao od starogrčkoga. Jezik Filipovih i Aleksandrovih predaka bio je jedan od središnjih jezika paleobalkanske skupine indoevropskih jezika.

Dio antičke Makedonije između rijeka Vardara i Strume nazivalo se *Mãgdonía*. Migdonjani su pak bili dio Tračana. I u antičko se doba za Makedonjane pretpostavljalo da su se spustili s planina.

Odnos drevnih Grka prema Makedonjanima

Za drevne Grke sva sjeverna plemena u Epiru i Makedoniji bili Barbari. Atenski govornik i državnik Demosten govorio je protiv Makedonjana i makedonskih kraljeva Filipa II i Aleksandra, ali nakon što su Makedonjani osvojili Atenu Demosten se sam otrovao.

Mnogi zaboravljaju činjenicu da Grčka nije vladala Makedonijom, nego je u IV. stoljeću pr.n.e. Filip II imao hegemoniju nad Grčkom. Njegov sin Aleksandar Veliki koji je vladao najvećim carstvom, iako se u njegovoj državi proširio grčki jezik, Makedonija nije dobila grčko ime. Poslije je Makedonijom i Grčkom zavladao veliki Rim.

Poslije ustanaka i ratova protiv Turske i uz pomoć Rusije u prosincu 1821 godine Grčka je postala neovisna država. S vremenom se Grčka 1863 godine uz pomoć Engleske proširila na jonske i egejske otoke, na Epir i Egejsku Makedoniju.

*Ime Grka*

Neke grčke političare smeta ime slavenskih Makedonaca i njihove Makedonije, a ne gledaju kako se u drugim jezicima nazivaju Grci i Grčka. Ti su imenom Rimljani nazivali sve Grke po imenu plemena kojega su prvo upoznali. Tako i Grci mogu Makedoniju slavenskih Makedonaca zvati kako hoće pa i "bivša jugoslavenska republika Makedonija", ali neka grčki političari ne poriču svojim sjevernim susjedima pravo na ime koje su, igrom slučaja povijesti, sami odabrali.

Zanimljivo je kako grčke trgovce ništa nije smetalo da preko te iste Makedonije koju njihova zemlja zbog imena ne priznaje - trguju sa zemljom koju zapravo ne priznaje svjetska zajednica: sa Srbijom (i novoizmišljenom Saveznom Republikom Jugoslavijom).

Grcima strašno smeta i to što Makedonija ima isto ime kao i jedna grčka pokrajina, a uopće ih ne smeta to što Trakiju imaju i Grčka, i Turska, i Bugarska. Grke ne smeta što ime *Athens* ima jedan američki grad.

Treba li se Belgija ponašati kao Grčka?

Jedna od pokrajina Belgije zove se Luksemburg. Bilo bi zgodno znati je li ikada Belgijancima palo na pamet da zbog toga osporavaju isto ime Velikom Vojvodstvu Luksemburgu.

Što bi bilo da se Belgija ponaša kao Grčka? Kako bi na to gledala međunarodna zajednica?

Igre imenima?

Jesu li zapravo u svemu tome imena ta koja su važna ? Ili se radi o nečemu drugome?

За истата тема со политичка конотација предавање одржа амбасадорот Махи Несими под наслов "Дипломатијата и името на Македонија", при што истакна:

Особена чест ми е пред овој аудиториум да кажам некои размислувања, реакции и еден дел на фактографијата што се случува во изминатите десет години со уставното име Република Македонија.

Во името на Владата на Македонија и во свое лично име, сега јавно се заблагодарувам на американскиот

претседател Џорџ Буш што смогна сили и Република Македонија ја нарече со нејзиното уставно име. Тој направи голем чекор во овој несекојдневен спор и тоа е негов придонес во стабилизацијата на односите во овој регион и се спротивставува на Грците, кои велат дека со тоа се предизвикува недоразбирање.

На сите нам ни е познато што се случи во изминатите десет години. Сите бивши југословенски републики почнаа со воведување на повеќепартиски систем. Тоа прво, во јуни 1990 година, го направија Хрватска и Словенија и со првите парламентарни избори прогласија независност и самостојност. Македонија, од одредени причини, тоа го направи нешто подоцна и свој повеќепартиски парламент конституира на 8 јануари 1991



година, а на 25 јануари прогласи декларација за независност. На 8 септември 1991 година во Македонија се одржа референдум за самостојна државност. На 17 ноември 1991 година Македонија го усвои првиот Устав како самостојна држава. За жал, по три месеци, под разни дипломатски притисоци од страна на Грција, се направи измена на два члена од Уставот. На 6 февруари 1992 година Македонија со два амандмани го измени членот 3 од Уставот и додаде дека нема територијални претензии кон своите соседи. А во членот 49 (каде се вели дека Р. Македонија може да се грижи за културата на нејзините малцинства надвор од државата) додаде амандман дека нема да се меша во суверените права на другите држави и во нивните внатрешни работи. Вакви дефиниции ниту една држава нема внесено во своите Устави. Со тие амандмани ѝ беше угодено на Грција.

Но, тоа за Грција не беше доволно. Република Македонија на 8 април 1993 година со акламација е примена како 181 земја во Обединетите нации (ОН). Грција и тука инсистираше Република Македонија да се прими под име "бивша југословенска рапублика Македонија". Македонија и на тоа се сложи со мисла дека овој спор ќе се надмине со разговори под патронат на ОН. Како медијатор на тој спор беше одреден дипломатот Сајрус Венс. Сега Грците бараат измена на знамето на Република Македонија. Владата и другите државни и политички институции на Македонија не се согласни со тоа и Грција воведе еднострано ембарго, со цел да ѝ се исполни и тој услов. Ембаргото траеше 18 месеци, а отежната околност беше и таа што од северната страна постоеше ембарго од ОН поради војниот конфликт на Југославија со Хрватска и со Босна и Херцеговина. За Македонија тоа беше голем проблем бидејќи во тоа време не беа развиени стопанските и трговските односи со Албанија и Бугарија. Но, Македонија со големи жртви тоа го надмина и во втората половина на 1995 година, имајќи ја во предвид иднината, се согласи и на промена на знамето. Се потпиша времената спогодба со Грција со која се укина ембаргото и почнаа разговорите. До денес тие разговори сè уште траат со промени на учесниците од двете страни. Признавањето на Република Македонија од страна на САД го забрза процесот за договор околу тоа што фактички претставува проблемот. Се очекува резултат за надминување на овој проблем.

Од 191 земја, 147 членки на ОН ја признаа Македонија под нејзиното уставно име, освен членките на Европската заедница чија членка е и Грција. Исто така во воената организација НАТО, единствено Турција, а сега и САД ја признаваат Република Македонија по нејзиното уставно име.

Денес е бесмислено и апсурдно, кога не постои никаква Југославија, што земјите на Европската унија Република Македонија не ја признаваат под нејзиното уставно име.

Македонија допушта со билатерален договор со Грција да се одреди кое име ќе се употребува во меѓусебните односи.

Се надеваме дека разговорите брзо и успешно ќе завршат со поткрепа на американската администрација и претседателот Буш.

Публиката изрази голема благодарност на амбасадорот Несими за реалното прикажување на овој проблем.

Во рамките на оваа трибина беше одржана и културна приредба под наслов "Македонски зимски народни обичаи", со тема "Митровден", ден кога завршува работниот дел на годината. Во тие зимски денови се приредуваат седенки со богати трпези. Посебно се слави виното и виновата лоза која е благословена од Богородица.

Програмата ја изведоа познатата пејачка група "Езерки" и оркестарот "7/8" под водство на Дарка Краговиќ и Бруно Урлиќ. Исполнети се песните: "Дафино, вино црвено", "Не си го продавај Кољо чифлигот", искажани се народни поговорки за виното и на крајот со сите присутни испеана е "Лихнида кајче веслаше".

Дружењето продолжи со закуска од македонски специјалитети.

Марко Паризоски

# БОГАТСТВО НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ

Неодамна, Друштвото на новинарите од медиумите на националните малцинства при Хрватското новинарско друштво, организираше промоција на книгата "Богатството на различностите" (Bogatstvo različitosti). Книгата е збирка на текстови кои ги анализираат односите на медиумите и малцинствата, положбата на малцинствата во Хрватска, како и различните аспекти на медиумската презентација на националните малцинства во јавноста. Автори се хрватски и странски експерти: Синиша Таталовиќ, Стјепан Маловиќ, Гордана Виловиќ, Игор Канижај, Томас Бауер, Стојан Обрадовиќ и Алемко Глухак, а нејзиното издавање во целост е финансирано од Организацијата за европска сигурност и соработка - Мисија во Хрватска.

Наместо прераскажување на ова интересно четиво за сите малцинства што живеат и работат во Република Хрватска, го објавуваме уводниот текст на Стјепан Маловиќ.




Razumijevanjem dolazimo do prihvaćanja, *a ono nas vodi u budućnost gdje različitosti više nisu razlike.*

Peter Nwosu,
profesor komunikacijskih znanosti
Kalifornijsko državno sveučilište,
Sacramento, SAD

## UVOD

Lipovljani, mali slavonski gradić, diči se svojom posebnošću: u njemu žive ljudi koji su pripadnici dvadesetak različitih nacionalnih manjina. Godinama se obilježavao taj kuriozitet kao najveće i najvrjednije bogatstvo tog mjesta. Bogatstvo u različitosti! Kako čudno za zemlju koja je pretrpjela strahote rata, kojem je povod bio nacionalna netrpeljivost i u kojem je stradao ogroman broj ljudi zbog svoje nacionalnosti.

Velik broj različitih nacionalnosti koje žive na prostoru istočno od Alpa i južno od Drave, a kojeg svakih nekoliko godina dobiva drukčije geopolitičko ime ujedno je i bogatstvo, ali i prokletstvo.

Bogatstvo se očituje u obilju narodnih običaja, nošnji, jezika, kulture, stvaralaštva... Još postoje različite svečanosti kojima se obilježavaju karakteristične vrijednosti pojedinih nacionalnih manjina. Nisu to samo obične pučke veselice, već revija narodnog blaga i obnavljanje starih običaja kojima svaka manjina podsjeća na svoju prisutnost i upozorava većinski narod kako ih ne treba zapaziti samo jednom godišnje, već ih mora njegovati poput malo vode na dlanu. Bogatstvo manjinama znači bogatstvo većine. Većinski narod obogaćuje se manjinama, poštovanjem njihovih običaja pokazujemo koliko poštujemo svoje vlastite, poznavanjem manjinskih jezika cijenimo vlastiti, a različitosti kultura u konačnici predstavljaju bogatstvo cjeline.

Prokletstvo, koje nose manjine, nosimo u stvari mi u svojim glavama i srcima. Nerazumijevanje i strah nastaju zbog nepoznavanja. Diskriminacija, mržnja i nasilje pokazuju slabost. Nemogućnost suživota proizlazi iz neznanja, osjećaja ugroženosti i netrpeljivosti prema svemu što je drukčije.

Tako je regija koja se danas naziva Jugoistočna Europa, ili Zapadni Balkan, a još nedavno smo govorili kako je to Središnja i Istočna Europa, Podunavlje pa i Mediteransko okružje, a bila je poznata i po imenu Jugoslavija, koja više ne postoji ni u kojem ozbiljnom obliku, obilježena nacionalnim manjinama kao svojim bogatstvom i prokletstvom.

Je li to neka civilizacijska posebnost? Je li to neka specifičnost samo ove regije? Ni govora, nema kutka zemaljske kugle, gdje problemi nacionalnih manjina ne dolaze do izražaja. I najrazvijenije zemlje nose se s problemom nacionalnih manjina.

Ljudi su u stalnom pokretu, putuju, kreću se, potaknuti raznim motivima i interesima. Sva ta silna uzgibanost obogaćuje čovječanstvo koje prihvaća i razvija ono najbolje što razne nacionalnosti donose. No, prihvaćanje i tolerancija nisu uvijek prisutni. Nacionalna netrpeljivost, tenzije pa i mržnja prisutni su i u 21. stoljeću.

Sve se to odražava i u masovnim medijima, koji su svojevrsni lakmus papir suvremene civilizacije. Ono što nije objavljeno u medijima, kao da ne postoji. Masovni mediji bilježe sve što se zbiva na kugli zemaljskoj. Svijet je medijsko selo, davno je uočio McLuhan. A u tom selu postoje nacionalne manjine o kojima mediji izvještavaju.

Kako? Odgovor na to pitanje pokušavaju dati autori koji su temeljem svojih znanstvenih istraživanja došli do podataka o tome kako mediji u Hrvatskoj izvještavaju o nacionalnim manjinama.

Knjiga *Mediji i nacionalne manjine* zajednički je projekt Međunarodnog centra za obrazovanje novinara (ICEJ), znanstvenog projekta Mediji i društvo, pri Fakultetu političkih znanosti i izdavačke kuće IZVORI, a uz potporu delegacije Organizacije za europsku sigurnost i suradnju u Hrvatskoj (OESS). Ova je knjiga namijenjena predstavnicima nevladinih organizacija, novinarima, predstavnicima međunarodnih organizacija koji se bave *monitoringom* izvještavanja o manjinama, studentima novinarstva, ali cilj nam je obratiti se i općoj javnosti.

Objavljenim tekstovima suradnici žele upozoriti na značaj i ulogu medija u izvještavanju o nacionalnim manjinama i upozoriti na domete, teškoće i trendove. Novinari, kako hrvatskih većinskih medija tako i manjinskih, izražavaju sve veće zanimanje za ovu problematiku, sudjelujući u sve brojnijim seminarima i radionicama o izvještavanju o manjinama. Zajednički rad urodit će valjda i boljim izvještavanjem, a time i pridonijeti boljem razumijevanju manjina te tako i poboljšati njihov položaj u društvu.

Stjepan Malovič

Во загрепскиот хотел "Палас" формирана

U zagrebačkom hotelu "Palas" je osnovana

# СЕМАКЕДОНСКА КООРДИНАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

На иницијатива и во организација на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, на 26 ноември 2004 година во хотелот "Палас" се одржа свеченост по повод формирањето на координационо тело на Советите и претставниците на македонското национално малцинство во Република Хрватска.

е и тоа на следните избори да се настојува да се избере претставник од македонското национално малцинство во Хрватскиот сабор. Со добра организација и работа се надеваме дека во тоа ќе успееме и ќе добиеме поддршка од страна на хрватската власт. И се заблагодаруваме на Република Хрватска што ни овозможи, покрај Советите, да



Врз основа на Уставниот закон на Република Хрватска за правата на националните малцинства, а поради усогласување и промовирање на заедничките интереси за остварување на правата и одговорностите на Советите на македонското национално малцинство, потпишана е Спогодба за формирање на СЕМАКЕДОНСКА КООРДИНАЦИЈА на македонското национално малцинство во Република Хрватска, со седиште во град Загреб.

Во Семакедонската координација пристапија и Спогодбата ја потпишаа претседателите на Советите на македонското национално малцинство за градовите Загреб, Пула, Риека и Сплит и претставниците на македонското национално малцинство за Истарска, Приморско-горанска и Сплитско-далматинска жупанија.

За претседател на Семакедонската координација во Република Хрватска избран е Анастас Оџаклиески од Загреб, а за потпретседатели: Аница Плазониќ од Сплит, Михаило Давчевски од Риека и Олга Ангеловска - Зграбљиќ од Пула.

На оваа свеченост присуствуваа повеќе гости, меѓу кои и неговата екселенција, амбасадорот на Република Македонија во Република Хрватска, Махи Несими; претставниците на градското поглаварство Аница Дрмиќ, начелничка на службата за месна самоуправа и Жељко Заниновиќ; претставникот на градското собрание, Сандор Дембитц; свештеникот на Македонската Православна Црква во Хрватска, отецот Кирко Велински со сопругата; претседателот на Координацијата на националните малцинства за Град Загреб, Давид Орловиќ; претставниците од сите македонски културни друштва во Република Хрватска и претставниците на Советите од другите национални малцинства за Град Загреб.

Избраниот претседател на Семакедонската координација Анастас Оџаклиески се заблагодари во името на претседателството на укажаната доверба и нагласи дека очекува заедничко остварување на поставените цели и на правата дадени со Уставниот закон. Потоа, г. Оџаклиески рече:

"Семакедонска координација се формира со цел имплементирање на одредбите на Уставниот закон и решавање на политичките прашања на македонското национално малцинство во Република Хрватска од локално до рамниште на Хрватскиот сабор. Целта на Координацијата формираме и Семакедонска координација со која ќе се реализираат правата на националните малцинства според донесениот Уставен закон и како граѓани на оваа држава набрзо да станеме и граѓани на Европската унија."

Обраќајќи им се на учесниците, амбасадорот Махи Несими изрази задоволство што ова манифестација се одржува за време на неговиот мандат во Република Хрватска, кога се потпишува една многу значајна спогодба за политичкото дејствување на македонското национално малцинство. Тој истакна дека до сега се одржуваа културни манифестации на Македонците, а сега со Уставниот закон за националните малцинства во Хрватска и Македонците ќе можат да се организираат и да имаат свои претставници кои ќе ги застапуваат граѓанските и политичките интереси на Македонците во Република Хрватска. Амбасадорот Несими нагласи дека Македонците овде ја претставуваат Република Македонија, а на овој начин ќе ги зацврстат врските помеѓу двете наши земји.

Сандор Дембитц, во името на загрепското Градско собрание ги поздрави присутните и им го честита формирањето на Семакедонската координација и изборот на претседателот Оџаклиески. Тој потоа истакна:

"Zadovoljstvo mi je što je Grad Zagreb prva lokalna i regionalna jedinica u Republici Hrvatskoj koja je uspjela operacionalizirati Ustavni zakon i na taj način omogućiti predstavnicima nacionalnih manjina da postanu politički subjekti u odlučivanju u strukturi grada Zagreba. Kako sam i sâm dugo pripadnik nacionalne manjine, znam da manjinom lako biti nije, ali taj se položaj zna mudrošću i ljubavlju prema sredini gdje jesi, okrenuti u veliku prednost i biti za sredinu gdje živiš i radiš, ono što ona sama ne može, most prema drugim. Nadam se da je Koordinacija formirana i s tom namjerom i želim joj i u toj dimenziji puno uspjeha".

Во музичката програма, посветена на Македонија и нејзините пријатели од Хрватска, учествуваше брачната двојка, баритонот Слободан Цветичанин во придружба на пијанискста Јагода Треневска- Цветичанин. Тие ги исполнија композициите: "Смртта на Гоце Делчев", дел од оперета "Еро с онога свијета" и познатата македонска песна "Зајди, зајди јасно сонце". Свеченоста потоа продолжи со дружење и скромна закуска.

Марко Паризоски

10. ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ВО ОСИЕК И ДЕСЕТТА ГОДИШНИЦА ОД ПОСТОЕЊЕТО НА МКД "БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ"

# НЕМОЈ ДА ЗАБОРАВИШ КОЈ СИ... ИСТОРИЈАТА ЌЕ ТИ КАЖЕ КОЈ ЌЕ БИДЕШ




*Од 21 до 24 октомври 2004 година во Осиек беа одбележани Десеттите денови на македонската култура и Десетте години од постоењето на МКД "Браќа Миладиновци"*

Како и секоја, така и оваа година во Осиек од 21 до 24 октомври се одржаа Десеттите денови на македонската култура. Воедно, беше одбележана и десетгодишнината од постоењето на друштвото "Браќа Миладиновци". Отворањето на јубилејните Десетти денови започна на 21 октомври со проекцијата на македонскиот филм "ПРАШИНА" на режисерот Милчо Манчевски, на која присуствуваа бројни Осиечани и гости, меѓу кои и советничката во Амбасадата на



Македонија во РХ, Вера Наумовска, претставници на Осиечко-барањската жупанија, градоначалникот на Осиек, д-р Златко Крамариќ, како и претседателката на Заедницата на Македонците во РХ, г-ѓа Славица Сагадин.

Промоторот на филмот, познатиот филмолог од Скопје, м-р Мими Ѓорѓоска-Илиевска, ги воведе присутните гости во фабулата на филмот и посочи неколку добри критики за истиот. Филмот се прикажуваше во кино-салата "Уранија" во организација на осиечките кинематографи и кинотеката на Македонија.

Во саботата, на 23 октомври, програмата продолжи во Театарот за деца во Осиек. Програмата, под име "Вечер на народното творештво - Вардарки и гости", ја водеше познатата артистка и шансониерка од Загреб Констадинка Велковска. На почетокот се претсавија "Вардарки", вокалниот ансамбл при МКД "Браќа Миладиновци" со својот традиционален репертоар, а во нивниот настап сесрдно им помагаа нивните гости кои дадоа значење на успешната долгогодишна соработка на културен план. Како солисти на концертот настапија: Милка Маџариќ, Ксенија Менковска и Сара-Елена Менковска, сите членки на МКД, потоа детската фолклорна група при друштвото "Мал танец", како и здруженијата на националните малцинства: МКД "Кочо Рацин" од Пула, Матица на Словаците од Осиек, ДЗМХ од Суза, Советот на Германците и Австријанците од Осиек, СКД "Просвета" од Дарда, Матица на пензио-





нерите од Осиек, како и КУД ХКУД "Железничар" од Осиек и СКУД "Јован Лазиќ" од Бели Манастир. Гостите настапија во придружба на оркестрите на Тамбурашката школа – "Баторек" од Осиек и "Чалгии" од Пула.

Овој дел на прославата е обележен како највесел зашто во песната и играта уживаа сите генерации, од најмладите до најстарите учесници, а и самата публика.

Манифестацијата својата завршница ја имаше во неделата на 24 октомври со изложба и концерт на сериозна музика.

Изложбата на македонските графичари беше отворена во фоајето на ХНК во Осиек, а воведен збор даде Константин Танчев Динка, декан на Ликовната академија во Скопје, додека промотор на изложбата беше Сандра Вехабовиќ, и сама академски графичар. За музичкоит дел на изложбата се потрудија Томислава Филаковиќ - флаута и Жељко Вукадиновиќ - гитара.

Во свечената сала на Филозофскиот факултет, на крајот од Деновите на македонската култура одржан е концерт на сериозна музика. На него учествуваа Маја Трајчевска – виолончело, Трајко Иљовски – армоника, Марија Муратовска-сопран и Слободан Цветичанин – тенор, во клавирска придружба на проф. Јагода Треневска – Цветичанин.

Во склоп на манифестацијата беа доделени бројни благодарници, а како посебна ја издвојуваме онаа која му беше врачена на проф. Благоја Јовановски, за основањето и долгогодишното успешно водење на МКД "Браќа Миладиновци" од Осиек.



# ПРОСЛАВЕНИ БОЖИКНИТЕ ПРАЗНИЦИ



Македонското културно друштво "Браќа Миладиновци" од Осиек, според традицијата, ги прослави празниците Светите три кралеви и Бадник според јулијанскиот календар. Така, во просториите на Друштвото, во присуство на седумдесетина гости, пријатели и негови членови, беше изведена пригодна програма, подготвена од членовите на рецитаторската секција, детската фолклорна група "Танец" и пејачката група "Вардарки".

По изведбата на претставата "Три кралја", како и на македонските песни и ора, членовите пристапија кон традиционалните божиќни обичаи. Се почна со кршењето на погачата во која беше "скриена" паричката за среќниот и бериќетниот (благословен) наоѓач, по што беше пробана пченицата и другите специјалитети на македонската кујна, подготвени од членовите на кулинарската секција.

Првпат од основањето пред 10 години, Македонското културно друштво "Браќа Миладиновци" оваа програма ја изведе во своите простории, на Трпимирова улица број 1ц, кои неодамна им се доделени.

Бранка Јањиќ

НАЈГОЛЕМИОТ ВЛАДЕТЕЛ
ОД МАКЕДОНИЈА

# АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ - ЧОВЕКОТ БОГ

Некои луѓе се дарувани од вечноста. Со доблест да се соочат со времето и да станат дел од него. Да го владеат просторот по кој се движат, лесно и неизбежно. Да бидат зборот што ќе раскажува секогаш кога моќта од минатото ќе треба да се оживее. Во секоја приказна и легенда во раскошната Азија, егзотичната Африка, во секој пишан мит и сеќавање на необичната Европа. Бидејќи човекот што го сметаат за бог е сеприсутен како и секоја несовладлива сила на божествената убавина и трајност. Роден во земјата каде отсекогаш заедно живееле боговите и луѓето, во едно од оние свети места што ја пренесуваат бесмртната енергија на постоењето. Наследник на големите владетели од преубавото Еге, старата кралска престолнина на Македонците, поставено како чувар на своите зелени планини и широките рамници со поглед кон морето што го носи неговото име. А тој се роди во новата престолнина Пела, но древна и таинствена, момчето што ќе владее со светот, многу подолго отколку што светот беше подготвен за тоа. Александар од Македонија, Големиот крал на луѓето и гласникот на боговите.

Ги носеше во себе духот и храброста на големите херои од минатото. Страшниот Херакле по таткова страна и вештиот Ахил по мајчина страна. Син на *"најголемиот крал што Европа било кога го родила"* Филип ИИ и на Олимпија од кралската фамилија на соседните Молосјани, од блискиот Епир. Следен уште од самото раѓање со големи предзнаци и победи, останува непобедлив низ целиот свој бурен и промислен животен тек. А неговиот Аристотел, *"најславниот и најучениот од филозофите"* од малата Стагира на крајниот југ на Македонија, од Халкидик, ќе биде човекот што нему и на неговите кралски пријатели, подоцнежните врвни војсководци во неговата војска, ќе им го покаже начинот на којшто човек може да создава, да биде оној кој ќе биде запаметен по знаењето што го почитувал и негувал: *"Јас повеќе би се истакнувал со познавање на она што е најдобро, отколку со својата моќ"*. Со истото она знаење, но и моќ, кои засекогаш ќе го изменат ликот на тогаш познатиот свет и за прв пат комуникацијата меѓу земјите и културите ќе ја издигнат на ниво на глобални размени и контакти. Оној свет кој



*Александар III е најголемиот крал на стварноста и имагинацијата што времето некогаш го познавало*

тој толку многу го посакуваше, одејќи кон денот кога ќе може да ги восприеми богатствата на Азија, нејзиниот мирис, топлина и богатство. Да ја освои нејзината моќ и власта на древните кралеви и цивилизации, тој кралот од Македонија.

Пред да замине на големиот поход кон Азија, се погрижи добро да ја обезбеди својата земја, Македонија. Токму тука го остава да се грижи за неа, човекот во кој имал најголема доверба, големиот Антипатар, големиот војсководец уште од времето на неговиот татко Филип. А, тој чекорејќи по стапките на неговиот бог Дионис, заминува со најсилната и најобучената војска што тогашниот свет ја познавал, повторно, наследство на извонредно интелигентниот и моќен крал Филип II. Тоа се неговите кралски пријатели, другарите од детството, донесени од сите делови на Македонија, синови на македонската аристократија, владетелите и кнежевствата, образувани и обучени од истиот голем Аристотел во боженското светилиште на нимфите Миеза, каде сè уште се слушаат нивните весели гласови меѓу камените седишта и сеновитите шеталишта. *"Уште многу одамна, Филип беше востановил синовите на македонските благородници да влезат во службата на кралот кога ќе се замомчат" (Аријан).* Тие ќе војуваат со него, умно и промислено, а потоа и ќе владеат со светот на најдоблесниот можен начин. Тие кралевите и владетелите на своето време. *"Но и пријателите не се надевале напразно на кралската власт, зашто тие биле со толку доблест и кон нив се однесувале со толку почит, така што би можело да ги сметаат за кралеви. Тие сите биле лични, со убава става, полни со сила и мудрост, така што, оној што не ги познавал, не би помислил дека сите тие се од еден ист народ, туку дека се избрани од целиот свет. Имено, ни Македонија, ниту кој било друг народ, никогаш пред тоа не изобилувал со толку многу славни мажи; нив, прво Филип, а потоа и Александар, толку грижливо ги беа одбрале, така што се чинело дека не се избрани толку да им бидат придружници во војната, туку како наследници на кралската власт. Кој тогаш би можел да се чуди што со помошта на такви луѓе целиот свет бил победен, кога војската на Македонците не била управувана од војсководци туку од кралеви; тие никогаш не ќе можеле да си најдат себе рамни, да не се судриле меѓу себе; наместо едниот Александар, Македонија ќе имала многумина, да не ги турнела судбината поради соперништвото во заедничка гибел" (Јустин).*

Тоа се истите оние што ќе владеат со светот наредните 3 века по смртта на Александар III Македонски. Истите оние кои под водство на нивниот сакан крал, ги извојуваа сите славни и невидени битки и кои ја пренесуваа неговата доблест, генијалност и љубов низ вековите преку својата власт и преку знаењето што го создаваа. Цивилизацијата што му ја подарија на светот. Бидејќи Александар тоа секогаш и го сакаше. Да знае сè што човекот создал, да ја открие секоја земја каде доаѓаше, да ја прими секоја култура, да научи да живее со неа. Бидејќи тој беше богот што одеше по земјата.

Луѓето не можеа да прават такви чуда. Така веруваа неговите современици. Но, тие не ги познаваа добро овие луѓе. Дојдени од нивната земја Македонија да даруваат и да примат. Знаење, ум, почит и праведност, секогаш кога можеа да се справат со неа. И секој изграден град во огромната империја ја носеше во



себе духовноста на големиот крал основач. Името на Александар беше одредницата која означува спој на култури, човечки вредности, постојано создавање и никогаш згасната желба за истражување. Тој му даде живот на космополитизмот. Тој кој секогаш се грижеше за својата земја. Бидејќи и во тоа огромно светско кралство, само еден град ја имаше честа да биде центар и прв меѓу големите. Неговата Пела, убавата и раскошна престолнина каде се слеваа сите богатства и знаења. Онаму каде што требаше да се врати и Големиот Александар. Бидејќи само меѓу своите Македонци тој беше човек, еднаквиот со сите, а богот беше оној што се враќа од Азија, Индија и Африка, заедно со својот Дионис, заедно со своите луѓе.

"Александар умрел кога имал триесет и три години и еден месец, бил маж, надарен со духовно величие на надчовечка моќ." Умрел на 13 јуни 323 година п.н.е. во митскиот Вавилон, судбинскиот град за човекот што го смени текот на светската историја. Ја најави вистинската наука, напливот на идеи и истражувања што ќе станат толку вообичаени во времето на неговите наследници. Тој со својата едноставна занесеност од сè што е ново, доволно потребно и бескрајно убаво да се осознае. *"Според многу легенди, тој е крал, херој, бог, освојувач, филозоф, научник, пророк, државник и визионер, чиишто идеали за универзалното братство се сметаат како основа на стоицизмот, кој датира три века пред христијанството... Историски, тој е меѓу најважните луѓе кои некогаш живееле врз основа на неговото духовно и телесно совршенство и врз промените што ги направил во историјата на тој дел од светот" (Еуген Борза).*

КООРДИНАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА НА ГРАД ЗАГРЕБ

KOORDINACIJA NACIONALNIH MANJINA GRADA ZAGREBA

# ОДБЕЛЕЖАНА ПРВАТА ГОДИШНИНА

По повод Денот на Координацијата на националните малцинства на Град Загреб, на 10 декември 2004 година во Градското собрание на Град Загреб се одржа Свечена седница на сите Совети и претставници на националните малцинства од Град Загреб.

Како гости на свеченоста присуствуваа: Алфонс Питерс, претставник на делегацијата на Европската комисија во Република Хрватска, амбасадорот на Македонија, Махи Несими, амбасадорот на Словачка, Јан Петрик, амбасадорот на Бугарија, Виктор Влков и заменикот на амбасадорот на Чешка, Петр Корбел.

Присутните гости и членовите на Советите на националните малцинства од Град Загреб ги поздрави претседателот на Координацијата Давид Орловиќ.



Потоа, претставниците на италијанското, германското, словачкото и бугарското национално малцинство на Град Загреб ја потпишаа Спогодбата и пристапија кон основаната Координација на националните малцинства на Град Загреб, па сега таа има 15 членки.

Претседателот на Координацијата Давид Орловиќ им се обрати на присутните со краток говор. Меѓу другото, тој истакна:

"Prije točno godinu dana, na međunarodni Dan ljudskih prava, vijeća albanske, bošnjačke, crnogorske, češke, mađarske, makedonske, romske, slovenske i srpske nacionalne manjine Grada Zagreba konstituirala su Koordinaciju nacionalnih manjina Grada Zagreba. Vrlo brzo pridružili su se i predstavnici ukrajinske i židovske nacionalne manjine. Tim činom, prvi smo u Hrvatskoj na osnovi Ustavnog zakona osnovali Koordinaciju Vijeća nacionalnih manjina s ciljem usklađivanja i unapređivanja zajedničkih interesa.

Manjine u Hrvatskoj imaju različitu brojnost i godine organiziranog rada. Njezini pripadnici slave Boga kroz tri monoteističke religije i mnogo vjerskih denominacija. Sve različitosti interesa i potreba 15 nacionalnih manjina uspješno se usklađuju konsenzusom koji je utvrđen donesenim Statutom.

Grad je prepoznao i prihvatio Koordinaciju kao autentičnog predstavnika svih vijeća i predstavnika nacionalnih-manjina, te smo u suradnji sa Službom za mjesnu samoupravu ostvarili većinu pretpostavki. Grad Zagreb je time postao primjer odgovornog odnosa lokalne, odnosno područne samouprave prema Ustavnim zakonom definiranim obvezama.

I na kraju reći ću da je program ove Koordinacije unaprijediti položaj nacionalnih manjina kroz ostvarivanje posebnih prava i sloboda pripadnika nacionalnih manjina koje oni uživaju pojedinačno ili zajedno s drugim osobama koje pripadaju istoj manjini. Program je zasnovan na primjeni članka 7. Ustavnog zakona, a njegovu provedbu očekuje više od 45 tisuća birača iz redova nacionalnih manjina Grada Zagreba."

Потоа, на присутните им се обратија претставници на државните и градските власти, дипломатските

# KOORDINACIJA NACIONALNIH MANJINA GRADA ZAGREBA

претставници на матичните држави на малцинствата, на заедниците на националните малцинства и на верските заедници.

Претседателката на Градското собрание на Град Загреб, Морана Паликовиќ Груден, истакна:

"Gradska skupština Grada Zagreba operacionalizirala je obveze proizašle iz Ustava RH i s ponosom informiram da se konstituirao Odbor za nacionalne manjine, radno tijelo Gradske skupštine. Demokracija u društvu prepoznaje se u ostvarivanju manjinskih prava i u tom smislu većinski narod ima obvezu prema nacionalnim manjinama. Važno je graditi sustav, zato što sustav ima mogućnosti korištenja ljudskih resursa, onda se postiže sinergija, a na kraju se ostvaruje demokracija."

Доградоначелникот на Град Загреб, Милан Бандиќ, рече:

"Stupanj razvitka društva u državi i demokracije mjeri se kroz zaštitu manjinskih prava, a odgovornost za to je na većini. Živjeti zajedno, znači živjeti tolerantno, i to na djelima testirati svakodnevno. To je naša zadaća i ovom gradu koji usprkos pojedinačnih slučajeva kršenja manjinskih prava je sigurno tolerantan grad. Ponosni smo na to što smo učinili dobro, a ljuti na ono što nismo uspjeli."

Пратеникот во Хрватскиот сабор Милорад Пуповац ги поздрави гостите и нагласи:

"Nisam ovlašten pozdraviti vas u ime Hrvatskog sabora, ali vas pozdravljam kao manjinski zastupnik. Dijelim ovu radost i osjećaj dobra koji se mogao ovdje čuti. Osim tolerancije koja je pretpostavka da jedni pored drugih živimo u razlici, mi pripadnici nacionalnih manjina trebamo živjeti u dobro uređenom društvu, u vjeri istinitosti, pravednosti i slobodoljubivosti. Samo s tim pretpostavkama manjinska politika ima smisla, a ona bez demokracije nije moguća. Na nama je da u našoj zemlji jačamo demokratske institucije, njezine ustavne vrijednosti i zakone i činjenicu pouzdanosti i povjerenja svakoga koji govori u ime manjina. To je najbolji način nositi se s predrasudama koje postoje u svakom društvu. Obaveza je manjina da u društvu raznolikosti svojom aktivnošću i uzoritošću pobjeđuju te predrasude. To je moguće jedino kada se za istim stolom zajedno radi na općim vrijednostima, a to je pretpostavka uspješne manjinske politike."

Во името на Советот на националните малцинства, во отсуство на претседателот Александар Толнауер, на присутните им се обрати Сеад Берберовиќ кој рече:

"Prema Ustavnom zakonu ustanovljen je Savjet za nacionalne manjine kao krovna organizacija koja surađuje s državnim tijelima i tijelima jedinica samouprave, kao i s Vijećima i udrugama nacionalnih manjina. Zakonske odredbe daju mogućnost manjinama da očuvaju i promoviraju svoj nacionalni kolektivitet i to je pravni okvir koji treba sadržajno ispuniti. Od naših vrijednosti i htijenja ovisit će kvaliteta ispunjavanja toga prostora. Koordinacija u Zagrebu, koji je središte svih javnih i političkih zbivanja, polučila je do sada dobre rezultate i njegov primjer trebaju slijediti i drugi gradovi. Zbog toga je posebna odgovornost na Vijećima i gradskoj upravi u Gradu Zagrebu da izgrade uzoran model za provedbu odredbi Ustavnog zakona o pravima nacionalnih manjina."

М.Паризоски

## СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА МАКЕДОНСКОТО МАЛЦИНСТВО ЗА ГРАД ЗАГРЕБ

## VIJEĆE MAKEDONSKE NACIONALNE MANJINE GRADA ZAGREBA

На 16 декември 2005 година, Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб ја одржа 6. седница во своите нови простории.

На седницата присуствуваа 18 членови на Советот, при што можеа да се донесат полноважни одлуки.

Според точките на предложениот дневен ред водена е дискусија, по која се донесени следните одлуки:

- прифатен е Извештајот за активностите на Советот во изминатиот период со посебен осврт кон остварената програма за формирање на Семакедонската координација;

- одлучено е во просториите на Советот да се постави постојана изложба од одредени опуси на нашите познати сликари Кирил Винокиќ - Вики и Никола Гроздановски - Коле, познати и вредни активисти во Заедницата на Македонците и нејзините културни друштва;

- заради олеснување на работата и остварување на програмите на Советот формирани се постојани работни тела;

- на формираните комисии во 2003 година за работната програма и за финансиските прашања продолжен е мандатот со траење до крајот на мандатот на избраниот Совет;

- избрани се 6 комисии, и тоа за: избор и именување; човечки права и уставно-правна положба на Македонците во Хрватска; култура, вера и историја; воспитување, образование и млади; информирање; здравство и документација, како и за статут, деловник и други правни акти;

- донесен е план за работа - програми на Советот за 2005 година и

- донесен е финансиски план на Советот за 2005 година.

Плановите за работа - програмите и финансискиот план на Советот за 2005 година се усогласуваат со критериумите за изработка на истите на надлежните институции на локалната самоуправа.

М. П.

# СО МАРКО ВО НОВИОТ ДОМ



*Кога Марко за првпат заплака, истиот тој час, 15 часот и 55 минути, на крајот од северот на Европа, во студениот Хамбург, Борис Трајанов на оперската сцена го толкуваше Ескомилио во "КАРМЕН". Но, ова не беше пречка на неговата Мена, која лежеше во болничката соба, веднаш да ѝ испрати букет со шест црвени и една бела роза.*

Македонскиот баритон, Борис Трајанов (44), по третпат стана татко. Синот Марко, плод на љубовта со Мена Спасовска, се роди летово на 30 август, во болницата "Мала Богородица". Иако Борис имаше огромна желба да присуствува на раѓањето на синот, таа не можеше да му се исполни заради ангажманот во Хамбург, каде што ја пееше улогата на Ескамилио во операта "Кармен".

А сѐ започна во оној септември, точно пред 4 години...

- Се запознав со Мена во Скопје, беше септември 2000 година кога по претставата "Тоска" заедно со некои мои пријатели таа ми честита за успешната изведба. Тоа беше онаа претстава на која мојот син Давид на аплаузот истрча по мене на сцената. По три месеци на католичкиот Божиќ, на денот на премиерата во реновираната оперска куќа во Бремен, мојата поранешна сопруга Марина, заедно со нашите две деца (Давид и Ева) – "исчезна". Нешто подоцна се увиде дека Марина е сместена во домот за малтретирани жени за да, по веќе "проверениот рецепт" (кој вообичаено им се случува на странците), ги добие децата само за себе. Тоа беше страшен удар за мене. Бев многу загрижен и скршен се вратив во Скопје. Само по неколку дена се јави нејзиниот адвокат барајќи развод. На 30 декември, по вторпат ја сретнав Мена, додека излегував од зградата на моите родители. И така, заедно со родителите и сестра ми, Мена ми помогна да го пребродам тој тежок период на разводот, на разделбата со децата. Така започна нашата љубовна приказна – ни раскажува Борис Трајанов.

## ПРИКАЗНАТА НА МЕНА

- Отсекогаш сакав да сретнам човек како Борис. Точно таков, со таква физиономија, со таков карактер, со таков изглед... Таков човек, токму таква личност имав замислено за себе и мислев дека нема никогаш да ја сретнам зашто веќе поминаа многу години, триесет и четири, триесет и пет. Во еден разговор со пријателите – монаси, реков дека најверојатно ќе останам засекогаш сама зашто не го сретнав човекот на мојот живот. Мислев дека тој, мојот замислен човек, е само човек од духовната сфера, односно измислен, или можеби, само човек кој постои во некој паралелен, автономен свет. Монасите ми рекоа, и навистина така беше, дека тој човек не е во духовната сфера туку дека шета по светот и дека еднаш ќе го сретнам. Во таа 2000 година во животот имав големи промени и навистина се случи како што се случи... го сретнав Борис! Тоа беше периодот кога одеднаш запознав многу позитивни личности, како на пример, монасите кои многу ги почитувам и им се восхитувам на нивниот начин на живот. Имав промени и во материјалната сфера. Се случи преминувањето од Охридскиот суд во Министерството за финансии каде се вработив како помошник за правни работи.

Борис го видов на сцената на МНТ. Таа вечер долго размислував дали да ја прифатам поканата на другарка ми Весна зашто навистина имав и друга работа. Но, сепак, отидов.

Борис не можев да го знам зашто театарските движења не допираа до Охрид. Но, и додека студирав во Скопје не сум можела да го сретнам зашто тој тогаш студирал исто така надвор од Скопје. За претставата само слушнав пофални зборови дека, ете, ќе настапувала некоја ѕвезда. Не го доживеав тоа чудесно, туку помислив дека го препознав човекот од моите мисли. Таа вечер го запознав Борис Трајанов.

Потоа Борис се врати во Германија, а на крајот од годината на кратко дојде во Скопје кога успеавме и да се сретнеме. Најпрвин замина за Италија. Оттогаш, во следните шест месеци, само се слушавме и тоа сè почесто. Додека бев на службен пат во Индија, се слушавме дури и двапати на ден. Добив покана да заминам за Трст, каде што тој пееше. Вторпат, се сретнавме на железничката станица во Сежана, откако слетав во Љубљана – се сеќава црномурестата, убава девојка од Охрид, Мена Спасовска, која е вработена во Министерството за финансии.

## УБАВИОТ ДЕКЕМВРИ

- Од далеку видов една убава девојка, и си реков: не, тоа не е Мена! Таа треба сама да пристигне! – се сеќава Борис.

Но, Мена го надополнува: "Кондуктерката беше љубезна со мене и ми помогна да се симнам со куферот, потоа почека со мене додека се најдам со човекот кој ме чекаше."

- Си реков, оваа женска е згодна, но не е фер така да размислувам, Мена треба да ја дочекам! – се насмевнува Борис.

А Мена продолжува: "Го забележав и го препознав по коњското опавче, беше одзади, на паркингот на станицата, ме чекаше со таксистот со кој дошол и видов: се фати за телефонот за да заѕвони. Јас му мафтав со раката."

- Ми мафта повторно онаа згодна црнка! – се шегува Борис – И испадна дека тоа е, сепак, Мена!

Тие седум заедно поминати денови биле волшебни за двајцата. Тој мај, месец на љубовта, беше преубав за двајцата кои беа тукушто вљубени.

- Не можам да кажам дека тогаш го засакав зашто како отсекогаш да го сакав, зашто тој беше едноставно човекот од моите мисли – ни вели Мена.

Летото 2001 година Борис Трајанов и Менка Спасовска го поминаа на одмор во Грција, а потоа повторно беа разделени до декември кога тој се врати само на два дена во Скопје.

- Ми беше криво што првата наша Нова година ќе ја дочекаме разделени. Тој замина за да се види со децата Давид и Ева. Неговата поранешна сопруга не ми дозволи и јас да ги видам. Со Борис се слушнав само пет минути пред да ја добијам наградата "Пежо 206" на новогодишното бинго. Веќе следната 2002 година со него патував на Гибралтар па во Трст, потоа во Парма и Москва. Од таа година одлучивме да живееме заедно и да планираме некоја иднина. Изгледа дека нам сите најубави работи ни се случуваат во декември. Во декември 2003 година забременив.

## "УПАТСТВА" ПРЕКУ ТЕЛЕФОН

- Интересно е што жените во Швајцарија заедно со своите партнери посетуваат курсеви за дишење во периодот на бременоста. Бидејќи бев многу зафатен, само еднаш успеав да отидам на таков курс. Но и веднаш сфатив: јасно ми е како треба! А, предавачот, многу изненадено ме запраша: "Од каде ви е Вам ова јасно?" – "Јас сум оперски пеач", му одговорив, "и ние така дишеме." На Мена дишењето ѝ го објаснив преку телефон, само еден час пред да се роди Марко – раскажува Борис.

Додека Борис го чекаше раѓањето на Марко, чиј пол го знаеше однапред, се врзува една интересна случка. Докторката Тимчева од "Мала Богородица" на маестро



Трајанов (кој, патем, повторно бил надвор од Македонија) му направила ехо – фотографија на плодот на која се забележувал полот на новороденчето, сега именуваниот Марко.

Кога Марко за првпат заплака, во истиот тој час: 15 часот и 55 минути, на крајот од северот на Европа, во студениот Хамбург, Борис Трајанов на оперската сцена го толкуваше Ескамилио во "КАРМЕН". Но, ова не беше пречка на неговата Мена, која лежеше во болничката соба, веднаш да ѝ испрати букет со 6 црвени и една бела роза.

А една радост не доаѓа сама: од неодамна Борис, Мена и Марко се преселија во новиот стан кој со мерак си го уредуваат, лоциран во "Лептокарија". Марко е мирно момченце и не плаче многу. А на ова, пак, Борис забележува: "Изгледа дека моите синови Давид (Гога) и Марко нема да бидат оперски пејачи. Па, тие навистина не вреснуваат во плач. Ама затоа ќерка ми Ева (Марија) сигурно ќе биде."

За изборот на имињата на своите деца Трајанов вели: "Се обидував да изберам библиски имиња кои се, воедно, и интернационални. Вторите имиња, пак, на децата Ева и Давид, се дадени по неговите родители: Гога и Марија.

- За татковината се бараат жртви па дури и од најмилите. Мена, без разлика на тоа што како и на секоја бремена жена ѝ требаше внимание и помош, ме поддржуваше да си го "губам" времето на митинзите, на прес-конференциите, на состаноците. Бидејќи и таа си ја сака својата земја, беше уверена дека тоа што го правам е она вистинското. Дури и кога требаше да одам за Хамбург, една недела пред породувањето, без збор се согласи да заминам. Како и секогаш, Мена ја разбра потребата дека морам да одам. А за еден уметник кој се "бори" со светската елита е најважно да има човек зад себе, жена која потполно го поддржува – објаснува Борис.

Кога човек има две деца мора постојано да внимава некое од децата да не се чувствува запоставено. Давид отсекогаш сум го чувствувал како мој другар, а Ева како – слабост. Марко е тоа малото, слаткото, незаштитеното бебе. Заедничкиот именител е дека трите деца неизмерно ги сакам! Децата мене ме одмараат, не ги сфаќам како обврска. Тоа не го зборувам мислејќи дека мајките се тие кои треба да се занимаваат со децата, а татковците само да си играат со нив. Не, никако, и напротив!

И навистина е така. Деновиве Борис, дома, заедно со Мена го приготвува млекото за малиот Марко, тој е одговорен за капењето на бебето, а трчкањето околу него му е вистинско задоволство.

Виктор Павловски

# БОЖИКНА ПРОСЛАВА ВО Р. ХРВАТСКА



Со Христовото раѓање на човештвото му се откри Спасителот и тоа веќе ја знае својата цел, ја препознава насоката и патот по кој треба да чекори.

Синот Божји стана Син Човечки, Бог се изедначи со луѓето и се оствари заедницата со човекот. Па, зарем има поголема новост и поголема вест во историјата на човештвото.

Затоа, на овој ден има и зошто да се радуваме! Нашата надеж веќе не е бесмислена: животот доби нова – вечна вредност.

Еве и оваа година, со неизмерна радост го дочекавме големиот православен христијански празник, Божик.

На Вечерната Богослужба на Бадник, со голем број верници беше прославено Христовото Рождество. На 7.1.2005 година на Светата Божествена Литургија, црквата Свети Рок на Роковиот Перивој беше премала да ги собере верниците кои беа собрани да го прослават Божик – празникот на љубовта на Бога спрема човекот.

Со Вечерна Богослужба и во Риека беше прославен големиот Христијански празник и споделена големата радост.

Отец Кирко Велински на вториот ден од Божик, кога се слави Собор на Пресвета Богородица, беше меѓу своите парохијани на ЦО „Св.Јоаким Осоговски“ во Пула. На овој прекрасен ден беше осветена и нова просторија. Сега верниците од оваа црковна општина имаат свое катче за собирање, дружење и духовно организирање.

И верниците на Црковната општина „Св. Наум Охридски“ од Сплит се собраа на Вечерна Богослужба да му се помолат на Христа и на Св. Архиѓакон и првомаченик Стефан за добро здравје, меѓучовечки односи, мир во светот... Воедно беше одржано и редовно Изборно Собрание, на кое беше избрана нова црковна управа која ќе раководи со црковната општина наредните две години. За претседател е повторно избран Момчило Карајанов.



Прославата на Божик беше како што наликува на еден Православен христијански Народ. Што уште ни недостасува?

Да се сплотиме сите како народ Божји, да посведочиме дека ние, Македонците, имаме огромно духовно богатство. Го добивме од Христа Бога, најпрво преку апостолот Павле и првокрстената Лидија, како и нашите светии: Кирил и Методи, Климент и Наум...

Дај Боже догодина сплотени сите Македонци заедно да ја запееме ангелската песна „Слава на Бога во висините, на земјата мир и меѓу луѓето добра волја".

Божикен подарок во Пула — Božićni poklon u Puli

# "СВ. ОСОГОВСКИ" ВО СВОИ ПРОСТОРИИ

За македонските православни верници во МПЦО "Свети Јоаким Осоговски" во Пула, по одржаниот Собор на Пресвета Богородица-Божик и Богослужбата, следуваше уште една голема радост - посветување и свечано отворање на црковната просторија во Пула, на улицата "Успон Светог Фрање Асишког" бр.6, веднаш наспроти црквата во која редовно ги одржуваме нашите црковни обреди. Над 60 Македонци и наши пријатели од Пула и другите градови на Истра, направија импозантен собир во живописната стрма уличка во самиот центар на градот, на кој присуствуваше и претставникот на градското поглаварство господин Едвард Канцелар, кој рече "Навистина кога ве гледам во оволкав број пријатно сум изненаден од вашата радост и скромност, со која го примате овој за вас навистина мал простор, но што е, тука е!" Во одговорот на овие вистински пријателски зборови одговоривме дека место положбата е предобра, а ние овој пат покажавме дека не сме само пет, колку нè покажаа статистичките показатели, туку нè има петнаесет пати повеќе, а сите сме благодарни на нашиот град Пула, што ни излезе во пресрет во решавањето на нашите потреби за духовен дом на нашите верници од Македонска православна црковна општина "Св. Јоаким Осоговски" во Пула.

Просториите ги посвети и предаде во употреба нашиот свештеник Кирко Велински, кој по овој повод, со својата сопруга г-ѓа Деспина, престојуваше еден ден во Пула.

Иако навидум мал, со 20 квадратни метри, овој простор предизвика голема радост кај верниците во Пула. Најчест коментар беше"Колку и да е,само да е свое!" Председателот на МПЦО "Свети Јоаким Осоговски", Игор Јаневски, по тој повод ни рече: „Бескрајно сме им благодарни на надлежните што ни ја доделија оваа просторија во самиот центар на Пула, на некои педесетина метри од црквата во која девет години духовно се собираме, благодарејќи на помошта и разбирањето на редовниците и нивниот гвардијан, фра Људевит Марачиќ".

На крајот, интересно е да ја споменеме посетата на овие простории на редовниците, кои понудија нешто од потребниот инвентар, како и на Градското поглаварство и католичката црква "Свети Фрањо", кои даде дел од мебелот. Понудите се големи од сите страни, но поради малиот простор, многу претпазливо и селективно се одбира инвентарот.

Р.Д.

# БОГОСЛУЖБА ЗА СВЕТА ЗЛАТА МЕГЛЕНСКА

Овогодишната традиционална Македонска христијанска вечер, по повод прославата на денот на заштитницата на МПЦО од Загреб, Света Злата Мегленска, со пригодна програма се одржа на 23 октомври 2004 година во црквата "Св. Марко Крижевчанин".

А на 26 октомври 2004 година во црквата "Св. Рок", во чест на Великомаченицата Света Злата Мегленска се одржа Богослужба - *Света литургија*, која ја предводеше македонскиот свештеник, отец Кирко Велински.

Посланица на апостол Павле до Коринтјаните читаше попадијата Деспина Белчовска-Велинска. Отецот Кирко во својата богослужба читаше делови од текстовите на евангелистот Свети Лука. Во своето чинодејствување ги спомна сите македонски просветители и светци. Посебно се обрати на верниците за животот и покажаната голема верност кон Исус Христос на маченицата Злата Мегленска, која, во големо маченичство ги изджа сите искушенија, не ја смени својата вера и животот ѝ е прекинат на 26 октомври 1795 година.

М. П.



# ДЕНОТ НА ДУХОТ НА АСИЗА

Традиционалната Меѓурелигијска молитвена средба на верниците од Загреб, кои припаѓаат на различни конфесии, оваа година се одржа на 27 октомври 2004 година во црквата црквата "Свети Фрањо Асишки". Овогодишната тема беше БОГ - ИЗВОР НА МИРОТ, а во организација на Фрањевачкиот свети ред, Месното братство Каптол и Повеернството за екуменизам на Загребската Надбискупија. Верниците католици заедно со верниците на другите христијански цркви и заедниците со верници Муслимани и Евреи, молеа за мир и го обележаа Денот на духот на Асиза. На оваа единствена екуменска трибина претставени се христијанските цркви: католичката, евангелската, евангеличката - лутеранска, баптистичката, српската православна, потоа Исламската верска заедница и Еврејската општина. Меѓу нив се претстави и нашата Македонска православна црква во Хрватска со Македонската православна црковна општина "Св. Злата Мегленска" од Загреб.

Во името на домаќинот верниците ги поздрави ректорот на црквата Рајко Гелемановиќ. Тој истакна дека Св. Фрањо е симбол на мирот и братството и каде и да одел зборувал - Господ дава мир. Тој ги помирил бискупите на Асиза и другите градови. Духот на Асиза нè собра сите нас во црквата на Св. Фрањо. Ова е петта година по ред како праќаме порака за мир.

Јосип Блажевиќ, водителот на групата за екуменизам, спомна дека оваа година, на 27 октомври, се навршија 18 години од големиот историски случај, кога во 1986 година, на позив на Папата Иван Павао II во италијанскиот град Асиза, родното место на големиот миротворец Св. Фрањо, се собраа високи претставници на христијанските Цркви и на црковните заедници и поглавари на големите светски религии да заедно, секој на свој начин, молат, постат, молчат и ходочастат со една иста цел - мир. Овај ден, христијаните предводени од Фрањевачките заедници и сите луѓе со добра волја го обележуваат како Ден на духот на Асиза. Тоа е ден на сите христијански заедници и верници, со една мисла на Господ, да зборуваме за мир и добро. Тој ден е дух за сите луѓе, да биде траен мир, против војните кои носат само жртви на луѓето.

Потоа сите верници го изговорија текстот на Псаламот 62 со музичка придружба.

Претставниците на поединечните верски заедници ги упатија своите размислувања за темата "Бог - извор на мирот", а потоа следеше молитва и по една песна својствена на традицијата на секоја верска заедница.

За темата "Бог - извор на мирот" отецот Кирко Велински, во воведниот збор, истакна дека Исус Христос, пред да се вознесе на небо, им се јави на своите ученици и им рече: Мир вам! Тоа го изрече затоа што мирот му е потребен на секој човек, на секое семејство, на секоја земја па и на целиот свет. А потоа измоли Молитва за мир:

"Господи Исусе Христе, Боже наш, прости ни ги сите наши гревови и безаконија, со коишто го раздразнивме Твоето човекољубие. Отстрани го од нас Твојот праведен гнев, смири ги сите раздори, немири и безредија, смири ги крвопролевањата и меѓусебните борби. Дај им мир, љубов и скоро помирување на Твоите луѓе, коишто си ги искупил со Твојата скапоцена крв, поради славата на Твоето Име и за утврдување и закрепнување на Твојата Света Црква.

Господи Боже на љубовта и мирот, простри ја над нас Твојата моќна закрила. Не допуштај раздорите и гневот да ги разделат народите и направи со Твојот благослов да се врати мирот во целиот свет. Смири ги тагите, полеј балсам врз раните, пресуши ги горчливите солзи на мајките и вдовиците. Осветли ги срцата на луѓето со светлината на љубовта. Згасни ги сите раздори меѓу луѓето. Испрати го низ светлите небесни двери сончевиот мир и љубовта нека завладее во светот".

Во музичката точка Стојанка Тежак, со истанчено чувство, го испеа Псаламот 22.

М. Паризоски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ ZAGREB ЗАГРЕБ

# СО ЉУБОВ КОН МАКЕДОНИЈА И КНИГАТА

Најстариот член на Македонското културно друштво "Билјана" од Задар, Александар Матијановски, кого сите го нарекуваме чичко Ацо, е човек кој ја има минато осумдесеттата година од својот живот, а сепак е витален и со јасни мисли.



Чичко Ацо често доаѓа на дружење во клубските простории. Средата е наш ден. Со сите сака да позборува. Вели дека многу му е важно тоа што се негуваат македонскиот јазик и обичаите. Многу пати со него долго зборувам, зашто и тој и јас имаме заедничка љубов. Тоа се, пред сè, љубовта кон ТАТКОВИНАТА и љубовта кон книгата. Да имаме повеќе книги пишувани на македонски јазик во нашата

*Александар Матијановски, познат како чичко Ацо, е најстариот член на МКД "Билјана" од Задар.*

библиотека, би било уште поубаво. Библиотеката во Задар нема многу книги на македонски јазик. Кога ја прочитав книгата на Киро Глигоров "Македонија е сè што имаме" му ја препорачав на чичко Ацо. По две недели се сретнавме и си ги разменивме мислењата во врска со книгата. Се согласивме дека ние всушност малку знаеме за нашата татковина. Читајќи ја книгата сфативме дека многу работи што се одиграле во временскиот период откако не живееме во Македонија, не ни беа познати.

Чичко Ацо е човек кој навистина зборува чист македонски јазик. Веднаш се забележува дека мислите често му се насочени кон Македонија.

Враќајќи една од прочитаните книги, ми остави голем впечаток една негова изјава. Рече: "Јас мислам вака уште барем десетина години ќе живеам."

Му пожелувам да поживее уште повеќе и да ја надживее стотата година. Тој е човек со цврсти и светли идеи во животот.

Чичко Ацо, Ви пожелуваме уште долго да живеете и почесто да се видуваме.

Мирјана Мајиќ



# ПЕЧАЛБАТА КАКО ИНСПИРАЦИЈА

На сите Македонци кои живееме овде во Хрватска, позната ни е печалбата која свои корени влече уште во почетокот на минатиот век. За печалбарскиот живот напишани се многу романи и песни.

По здобивањето на независноста и самостојноста Македонија, како и другите транзициски земји, се најде во тешка економска положба. Многу млади школувани кадри не можеа да најдат работни места. Така, еден дел од нив својата животна иднина, како и нивните претци, ја побараа во нов печалбарски живот.

Еден од тие млади луѓе е и Владо Мирчески, роден во Кичево 1972 година. Со желба да стане економски независен одлучува од Македонија да замине во странство и да стане уште еден поток од новото водотечение на големата печалбарска река.

По доаѓањето во Минхен, Германија, активно се вклучува во акциите на тамошните Македонци во зачувувањето на македонските традиции и култура. По кусо време го презема и водството на македонскиот клуб "Илинден" во Минхен.

Меѓутоа, носталгијата кон родниот крај и разделеноста од најмилите стануваат негова најголема инспирација својата љубов да ја искаже со свои стихови. Поетскиот израз на Владо Мирчески е претставен во неговата збирка песни "Никогаш не се давај", што содржи четири циклуси, а првото издание е печатено во 1995 година во Кичево. Издавач е ПИП "Добрушевски"-Битола.

Од вториот циклус што се вика "Да тагувам или да се радувам - не знам ни сам" ги претставуваме неговите стихови.

## Далеку од дома среќа не се бара

Јас овде веќе не сакам да седам-
кого да гледам?
Луѓево ли туѓи - непознати?
Туѓината нема да ме позлати.
Барем и брат ми овде да беше
нема да згрешев,
ќе имав со кого да поделам мака,
а не вака,
сам и тажен по градот шетам,
еј, судбино клета,
никого нема да подаде рака -
ни да ме сака!
Јас сонце барам и утринска роса,
не ветрови што косат,
и гласот на мојата мајка стара
што да се вратам, бара!
Мачно живеевме, но среќни бевме,
мнозина рекле,
Далеку од дома среќа не се бара
поговорка е стара!

*Владо Мирчески носталгијата кон Македонија и одвоеноста од најмилите ја преточува во поезија*

Марко Паризоски

# ПОЛОЖБАТА НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА ВО XVI ВЕК И НЕЈЗИНИТЕ ОДНОСИ СО ИСТОЧНИТЕ И СО ЗАПАДНАТА ЦРКВА

Во текот на XVI век односот на турските султани на централната и на локална власт кон Охридската архиепископија и кон христијанското население бил таков што тие не сакале да обезбедат полна религиозна слобода на христијаните и безбеден живот на црквата. Султаните јавно ја искажувале ревноста да ги исламизираат христијаните. Во тоа посебно се истакнал султанот Бајазит II (1481 - 1512), кој ги мразел христијаните, а војните што ги водел против нив ги нарекувал "свети војни". Неговиот син, султанот Селим И (1512 - 1520) го соборил татка си, ги убил двајцата браќа и други роднини и со преземањето на власта покажал уште поголема омраза кон христијанството. Сите камени христијански храмови ги претворил во џамии, а меѓу нив и охридските цркви "Св. Софија" и "Св. Климент". Неговиот везир Синан-паша ги разурнал дебарскиот манастир "Св. Јован Бигорски" и кичевскиот "Св. Пречиста", а почнало и исламизирањето на населението од кичевскиот крај.

Владеењето на султанот Сулејман Величанствениот (1520-1566) се смета за златна ера на османлиската држава. Тој создавал нови закони, но во нив повторно била присутна нерамноправноста на христијаните со мухамеданците. Неговата политика била насочена кон исламизирањето на христијаните, а тоа го постигал со нов тежок данок. Турците прибегнувале кон насилно грабање на црковните и на христијанските имоти и не им допуштале на христијаните никакви религиозни манифестации. Со посебно задоволство преведувале на ислам млади, убави мажи и жени.

Започнало и скусувањето на правата на Охридската архиепископија во раководењето со духовниот живот на нејзината паства. Посебно биле понижувани свештениците и монасите, а нивната материјална положба станувала од ден на ден сè полоша. Со постојаните војни што ги водела Турција за ширење на својата империја, христијанското население - обесправената раја плаќала големи даноци во кои спаѓале арачот, крвниот данок и ангаријата (бесплатно работење за државата и чифлик-сајбиите).

Во прво време Охридската архиепископија не била оптоварена со даноци, каков што бил случајот со Печката патријаршија, кон која турската власт се однесувала непријателски поради нејзините врски со Српското Деспотство. Но, подоцна нејзината економска положба се влошила затоа што турската власт вовела архиепископски и епархиски данок.

## ОДНОСОТ НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА КОН СРПСКИТЕ ЕПАРХИИ

Во 1453 година Цариград потпаѓа под турска власт. Цариградскиот патријарх преку султанот Мемед II настојувал да им се одземе автокефалноста на Охридската архиепископија и на Печката и Трновската патријаршија. Преку султанот тој во Цариград свикал поместен црковен собор на кој се барало укинување на трите самостојни цркви. На таквата одлука се потчинила само Трновската патријаршија. Охридската архиепископија и Печката патријаршија ја сочувале автокефалноста со плаќање на посебен данок на султанот. По пропаѓањето на српската држава епархиите на Печката патријаршија биле приклучени кон Охридската архиепископија со согласност на турската власт. Но не воспоставила комплетна духовна власт над српските епархии.



На почетокот на 1530 година смедеревскиот митрополит Павле, поддржан од српски првенци и со поткуп на турската власт, ја отфлил власта на охридскиот архиепископ Прохор, ги отцепил српските и Печката епархија и ја прогласил Печката црква за независна. Ваквото самоволно отцепување наидува на жесток отпор кај Охридската архиепископија и кај другите автокефални поглавари на Источните цркви. Така, александрискиот патријарх Јоаким ја осудил постапката на Павле и предложил неговите духовни лица да бидат расчинети и оддалечени од црквата. Цариградскиот патријарх Јеремија I го осудува чинот на митрополитот Павле и препорачува тој да биде расчинет од соборот на охридските архијереи бидејќи, согласно со царските хрисофули, Печката црква отсекогаш ѝ припаѓала на Охридската архиепископија.

Во Охрид бил свикан архиерејски собор на кој бил присутен и смедеревскиот митрополитот Павле. Тој ја признал вината и дал клетва дека во иднина нема да прави сличен чин. Сепак, соборот го сменил од митрополитската катедра. Но, Павле не ја признал одлуката на Охридскиот собор и продолжил да чинодејствува, осветува цркви и ракополага свештеници. Тоа го принудило архиепископот Прохор во 1532 година да свика нов архиерејски собор. Тогаш учествувале 29 епархиски архиереи, од кои десет од Македонија (Митрофан Пелагониски, Јоаким Струмички и други), петмина од Албанија (Јосиф Корчански, Кирил Бератски и др.), а другите биле од бившата српска држава (Нифон Призренски, Марко Босански, Василие Цетински или

Далматински, Максим Херцеговски) и епископите Јаков Критски и епископот Сицилиски. Соборот го лишил од чин митрополитот Павле.

Павле Смедеревски не обрнувал внимание и на вториот архиерејски собор. Со поткуп на турските власти се прогласил за печки патријарх и поставил епископи во Лесново и Кратово, а потоа го фрлил во затвор архиепископот Прохор со целата администрација. Меѓутоа, Високата порта ги ослободила архиепископот Прохор и другите свештеници.

По ослободувањето архиепископот Прохор свикал трет архиерејски собор на кој присуствувал и Павле. И покрај тоа што се држел гордо, соборот го обвинил за два тешки канонски престапа: со поткуп дошол до црковна власт и од користољубие преминал во друга епархија, во Пеќ. Архиерејскиот собор го лишил митрополитот Павле од свештеничко достоинство.

Судирот помеѓу смедеревскиот митрополит Павле и охридскиот архиепископ Прохор бил од политички причини за време на турската власт. Со мали исклучоци, како што е архиепископот Прохор кој по потекло бил Словен, најверојатно Македонец, со Охридската архиепископија раководел грчкиот висок клер. Како што Печката патријаршија потпаднала под Охридската архиепископија, грчкиот висок клер ги заменил домородните епархиски архиереи со архиереи од грчко потекло. Поддршка имале и од цариградскиот патријарх. Оттука смедеревскиот митрополит Павле, воден со идејата на Светосавската црква, упорно се борел за обнова и за сменување на епархиските архиереи Грци со Срби.

Вакви слични судири архиепископот Прохор имал и со костурскиот митрополит, но тој ги решил во своја корист со поддршка на цариградскиот патријарх Јеремија и на александрискиот патријарх Јоаким.

## ОДНОСОТ НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА СО РИМОКАТОЛИЧКАТА ЦРКВА

За време на охридскиот архиепископ Прохор, кој архиепископувал до својата смрт во 1550 година, Римокатоличката црква претендирала на старата поделба на Балканскиот Полуостров, според која Охридската архиепископија спаѓала под нејзина јурисдикција. За цело тоа време Римокатоличката црква имала свој охридски епископ (бискуп), но само титуларен. Такви епископии имала и на албанска територија, во Авлона, Шкодра и други. Епископот Прохор успеал да ја затвори католичката епископија во Авлона.

Во Скопје, во почетокот на XV век, католички епископ бил Алберт. Тој истовремено бил и папски нунциј за Исток. Верниците на Скопската католичка епархија (бискупија) во тоа време биле дубровнички трговци и албански католици. Католички епископии имало и на Косово (Јанево), но тие биле во опаѓање, бидејќи православието се зацврстувало меѓу тамошните католици.

## ИЗМЕНИ ВО ГРАНИЦИТЕ НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА

Околу 1530 година во диецезата на Охридската архиепископија настанале измени на нејзините граници. На север и на исток била стеснета, а на запад се проширила. Тргнувала некаде под градот Призрен, се извивала на северозапад, па по реката Дрим и покрај Скадар се спуштала на Јадранско море, некаде кај утоката на реката Бојана. Оттаму се движела на север и преку Далмација и Босна избивала на реката Сава. По нејзиниот тек, во близината на Сремска Митровица завивала на север, го минувала Дунав кај Вуковар, оттаму одела на исток и преку реката Тиса, под Бела Црква, слегувала на Дунав, па на југозапад до Ниш и понатаму на југ. Во нејзината диецеза влегувале Македонија и Албанија во старите граници, потоа Стара Србија и Црна Гора, Србија (без Тимочко), Срем, Банат и Бачка.

Во тоа време под јурисдикција на Охридската архиепископија имало 33 епархии: во Македонија имало 12 (Костурска, Мегленска, Кичевска, Скопска и други), во Албанија 5 (Корчанска, Бератска и други), во Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина 14 епархии (Печка, Цетинска, Босанска, Херцеговска, Смедеревска и други).

## ВНАТРЕШНИТЕ УСЛОВИ ВО ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА

И покрај посочените судири во Охридската архиепископија, клерот и паствата во тие тешки услови се одликувале со висока религиозно-морална сила во одбраната на својата вера од муслиманскиот верски фанатизам. Високиот и нискиот клер го јакнеле христијанството меѓу својата паства и ја насочувале кон црквата. Архиепоскопот Прохор изградил згради во дворот на архиепископијата, и подарил на охридската црква "Св. Климент" убав архиерејски престол и го збогатил црковниот книжен фонд. Јеромонахот Теофан со братот поп Никола и зетот поп Никола ја изградиле црквата "Св. Богородица" на островот Аил (Преспа).

И целото христијанско население настојувало да ја сочува верата и давало богати дарови на црквите и манастирите. Посебно биле почитувани манастирите "Трескавец", "Пчинскиот", "Лесновскиот" и др.

Меѓутоа, има и примери од негативна религиозно-моралната состојба. Кај високиот клер се јавувале грабливост и пороци, а кај нискиот клер и паствата, и покрај високата набожност, се среќавале нехристијански сфаќања, верувања во магии, бигамисти и непочитувачи на постите, неморал помеѓу монасите и монахињите. Не случајно во 1529 година во Охрид се одржал архиерејски собор со одлука за вечно проклетство на таквите дејствија и злоупотреби.

## ДУХОВНАТА КУЛТУРА И ПРОСВЕТА

Во тоа време книжевниците биле духовни лица, особено во српските епархии, кои ја негувале словенската писменост. И самиот архиепископ Прохор пишувал црковнословенски и на живиот македонски говорен јазик. Воглавно, во манастирите се препишувале житиа на познати светци, аскетски статии и зборници од поуки. Потоа, се преведувале проповеди од грчки јазик во кои, исто така, во црковнословенскиот се внесувале и елементи на македонскиот говорен јазик.

Кратово важел за средиште на црковнословенската книжница. Познат кратовски книжевник бил Филимон кој во 1515 година го препишал апостолот за некој поп Бојко. Поради уметничките обликувања на текстовите и внесените орнаменти кратовските препишувачи добивале порачки и од Софија. Од препишувачите по другите македонски манастири познат е Димитар Солунчанец, кој во 1547 година го препишал грчкиот синаксар што се чувал во библиотеката на црквата "Св. Климент" во Охрид.

Во српските епархии во составот на Охридската архиепископија постоеле препишувачки школи по манастирите и црквите. Познати се многу препишани зборници, минеи и псалтири од манастирите "Раваница", "Граховац" во Херцеговина, "Сопоќани", "Св. Тројца" во Плевље и други. Во тие епархии се продолжило со печатење на книги. Познато е печатење на молитвеник, часослов и псалтир во Венеција од 1519 до 1566 година. Подоцна печатниците се пренесени во манастирите "Грачаница", "Милешево" и други.

Општо земено, во првата половина на ЦВИ век охридските архиепископи и архиереи кон своите словенски верници се однесувале со почит во однос на нивната народносна припадност. Кон средината на векот дошло до извесно погрчување, со воведување на грчка богослужба поради грчката припадност на некои епархиски архиереи и поради напознавањето на црковнословенската богослужба. Но, може да се рече дека архиепископот Прохор и некои епархиски архиереи по потекло Словени, на Архиепископијата и дале словенски белег потпишувајќи се и на официјалните акти на словенски јазик.

Подготвил: Марко Паризоски

Литература: Славко Димевски, "Историја на Македонска православна црква" на издавачот "Македонска книга" - Скопје 1989 год.

## АКЦЕНТ

Во нашиот литературен јазик акцентот е динамичен. Во самостојните зборови тој е определен (фиксиран, затврден) на третиот слог од крајот на зборот кај трисложните и повеќесложните зборови и зборовни форми: *столанка, стопаница, подвлекување, многубројните* итн.

а) Двосложните зборови и зборовни форми имаат акцент на вториот слог од крајот (односно на првиот слог од почетокот): *село, чело, ќерка, гледа, носи* итн.

б) Кај едносложните акцентот е единствениот слог: *меч, сон, врв, драг, мил.*

в) До колку трисложниот збор и трисложната зборовна форма се наголемува (со наставки), акцентот го менува местото на слогот за да биде редовно на третиот слог од крајот. На пр.: *пријател*, но *пријателот*; *процес*, но *процесите*; *гледаат*, но *разгледаат* и *разгледуваат*.

## АКЦЕНТОТ НА СЛОЖЕНИТЕ ЗБОРОВИ

Кај нив важи она што е речено за акцентирањето на простите зборови и зборовни форми: *сончоглед, сончогледите, еднообразен, еднообразноста, лекомислен, лекомисленостите.*

а) Така е и кај бројните именки што завршуваат на *–мина*: *седуммина, седумтемина, стомина, стотемина* (погрешно е: седуммината, стомината).

б) Кај сложените прилози: *сосила, еднолодруго, трипати, попладне.*

в) Кај заменските зборови и зборовни форми: *кој-годе, кого-годе, кои-годе, каква-годе* и др.

г) Кај броевите со приближна бројност: *три-четири, два-тринаесет, два-триесет* и др.

д) Кај сложените зборови составени од две заповедни форми: *турипечи, молчитолчи, лапниголтни* и др.

## ОТСТАПУВАЊА ОД ТРЕТОСЛОЖНОТО АКЦЕНТИРАЊЕ

Акцент на вториот слог од крајот имаат зборовите и зборовните форми во овие случаи:

а) Кај глаголскиот прилог: *гледајќи, носејќи, викнувајќи.* Тие форми се настанати од некогашните: гледаеќи, што преминало во гледаиќи, а ова во гледајќи.

б) Кај временските прилози: *годинава* (ќе си дојде дома), *зимава* (чекај ме), *летово* (нема да дојде). Тие се разликуваат од соодветните членувани именки: сложените прилози: *годинава* (се погоди родна), *зимава* (е блага), *летово* (утре настапува).

в) Кај некои деминутивни образувања: *малкунѕа, трошинѕа, олкунѕа* и сл.

г) Кај одделни сложенки: *југоисток, југозапад, северо-исток, северозапад.*

д) Кај полусложенките, секој составен дел го чува својот акцент: *руско-македонски* речник, *културно-просветен* живот и др.

## АКЦЕНТОТ НА ТУЃИТЕ ЗБОРОВИ

Голем број зборови од туѓо потекло, предимно преземени од старите и нови големи европски јазици (старогрчкиот, латинскиот, англискиот, француските, германскиот и др.) се приспособиле кон нашиот акцентски систем, т.е. имаат третосложен акцент: *скандал, квадрат, волан, вирман, декан, палто, сако, корзо, професор, директор, монолог, дијалог, микроскоп, гимназија, историја,* како и придавките (и прилозите на *–о)* од туѓо потекло: *драстичен, хроничен, практичен, коректен, перфектен, дежурен, ажурен, локален.*

## ОТСТАПУВАЊА ОД ТРЕТОСЛОЖНОТО АКЦЕНТИРАЊЕ НА ТУЃИТЕ ЗБОРОВИ

Примани во стандардниот јазик во поново време, некои групи на туѓи зборови го задржуваат акцентот на првиот слог од крајот на зборот (*аташе, ателје, депо, интервју, социјалист, комунист, фалсификат, апарат, квалитет, афинитет, универзитет)* или вториот слог од крајот на зборот (*материјализам, социјализам, прагматизам, генијалец, гимназијалец, архитектура, култура, литература, антена, етапа, паралела,* како и кај придавките и прилозите *неутрален, национален, комунален, експлозивен, организиран, грандиозен).*

Во членуваните форми ваквите придавки се вклучуваат во нашиот тросложен акцентски систем: *галантниот, ефикасната, колективните* итн.

Со акцент на вториот слог од крајот завршуваат и (по потекло) туѓите глаголи што завршуваат на *–ира, изира*: *телефонира, дегенерира, симболизира* и др.

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А а | Б б | В в | Г г | Д д | Ѓ ѓ | Е е | Ж ж | З з | Ѕ ѕ | И и |
| a | b | v | g | d | ǵ | e | ž | z | dz | i |
| [a] | [b] | [v] | [g] | [d] | [ɟ/d͡ʑ] | [e] | [ʒ] | [z] | [d͡z] | [i] |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ј ј | К к | Л л | Љ љ | М м | Н н | Њ њ | О о | П п | Р р |
| j | k | l | lj | m | n | nj | o | p | r |
| [j] | [k] | [ɫ/l] | [l/ʎ] | [m] | [n] | [ɲ] | [o] | [p] | [r] |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| С с | Т т | Ќ ќ | У у | Ф ф | Х х | Ц ц | Ч ч | Џ џ | Ш ш |
| s | t | ḱ | u | f | x | c | č | dž | š |
| [s] | [t] | [c/t͡ɕ] | [u] | [f] | [x] | [t͡s] | [t͡ʃ] | [d͡ʒ] | [ʃ] |

Марија Георгиева-Петриќ
(Користена литература од *Правописот на македонскиот литературен јазик*, Скопје 1999)

# ЗБОГОМ МИЛА




Збогом мила, дојде време, јас од тебе да се разделам,
јас пак беден, роден сум без к`смет, сè со мака, тага голема. x2

Тешка беше нашата разделба, кога тргнав во непознат крај,

мојте солзи патот го топеја, по патот за непознат крај. x2

Дојдов тука како јабанџија, далеку од мојот дом и крај,
срце плаче нигде среќа нема, тежок гурбет, туѓа туѓина. x2

## ПАТУВАМ

Патувамваму
Патувам таму

Во роден крај
И в непознат предел

Патувам сама
Патувам со друштво

Патувам и гледам
Патувам и се веселам

Убаво е овде
Но убаво е и таму
- Затоа патувам.

## MONOSPITOVO

Jesi li čuo za moje Monospitovo?
A za Monospitovsko Blato?

Jesi li čuo za vrijedan narod
iz Monospitova?
Narod koji zna i može.

Znaš li ti gdje raste
najveća paprika,
najveća i najslađa lubenica?
U MONOSPITOVO.

A jesi li čuo da je
u Monospitovo bilo šećerne trske,
pamuk – bijelo zlato
i svila – kraljica vlakana?

E, to je moje MONOSPITOVO.

Анка Рабузин

## ЗИМСКА НОЌ

Темна ноќ, без месечина.
Ладна ноќ, студен ме мачи.
Шетам, одам, трчам.
Рацете се скочануваат од студ.
Доаѓам во топла соба,
убаво ми е.
Е, да ми е сега и еден чај!
Ама не било кој чај.
Чај од липата што растеше
во нашиот двор.
И компот од јаболките
што ги сушеше мама.
Полека се згреав
мислејќи на детинството
и заспав во длабок сон.

Мирјана Маиќ

## DILEMA

Možda je proletio
i život cijeli
od onog dana
kad sam ovdje došla,
a sada nas ogromna
daljina dijeli
donoseći sjećanja
na vremena prošla...
Vječita borba
u grudima tuče!
Volim ovo mjesto,
njegove parkove, ulice...
Ali me iznova
srce snažno vuče
da opet vidim
drago mi lice.
Nedostaje mi jako
tvoja nesputana mladost,
nevini osmijeh,
pogled blagi...
Kako to spojit
da osjetim radost
u očima onih
koji su mi dragi?
Obruč se steže
no ostaje nada,
jer život ide dalje
ni ne znam što mi sprema,
a misli uvijek bježe
do rodnog mi grada
i ostaje dilema:
Gdje mi život spada?

Elizabeta Žugaj

# БОЖИК ПРЕД БОЖИК



*Како стар добар пријател, Божик се враќа секој декември. Судејќи според с, некој би се определил и за порано доаѓање на Божик. За тоа сведочат украсите на зградите и во излозите што се појавуваат веќе во ноември, а ноември нема баш ништо со Божик. Правото прашање е: На кого толку рано му треба Божик? Одговорот не е така едноставен.*

Добар дел од човештвото (пред сè католиците) уште од 330 година го слави Божик токму на 25 декември, а други, православните, на 7 јануари. За тоа се сведоци првите историски извори. Градот Рим предничи во врска со тоа. Тој датум католичката традиција го одбрала од повеќе причини. Во тогашниот пагански свет, тој ден го означувал денот на богот Сонце, а многу пророци, посебно пророкот Малахија, зборуваат за Месија како за "Сонце на правдата". Христијаните богот на сонцето брзо го покрстиле. Тое е една од претпоставките која го оправдува овој датум. Другата претпоставка се темели на верувањето дека на 25 март е создаден светот. Тој датум се зема во католичката традиција како датум на Исусовото доаѓање на светот - почетокот на новиот свет. Во тоа совршено пресметување, девет месеци од доаѓањето се родил Исус. Подоцна во црквата созреало размислувањето за четирите недели на Дојденецот (Дошачот), кои му претходат на Божик како спомен на четири илјади години чекање на денот кога се родил Спасителот. Сето ова се случува во декември.

Ако во традицијата на славењето на Божик одамна сè е јасно и пресметано, модерното време и брзиот начин на живот со прераното прославување на Божик како да сакаат да го вткаат својот траг во традицијата на божикната прослава. Живееме во време каде што сè се случува брзо. Зошто да не го забрзаме и календарот? Нека и Божик се случи пред себе самиот. Зошто? Ова веројатно има свои корени во сечовечката мечта да се случи што побрзо она по што е Божик карактеристичен: мир, задоволство, среќа, радост, љубов, човекољубие... Кога подобро ќе се размисли, оваа причина и не е така лоша. Напротив! Ако прерано украсените излози нè подсетуваат на плодовите на Божик и пред неговото календарско појавување – нека им е ДОБРЕДОЈДЕ! Конечниот одговор на горе поставеното прашање, на кого му треба Божик, и оваа година ќе го постават обесправените, понижените, потиштените, повредените, уморните од животот. Да го забрзаме календарот? Зашто не?

# СТОП НА ПОРОЦИТЕ!

*Можеби си уверен дека е штосно да бидеш порочен. Но прочитај го овој текст и размисли сам - дали се пороците нешто што те прават целосна личност, која е главна во друштво или само девојка или момче што е изгубено во просекот на лошите влијанија.*

Сите тоа га прават, па можам и јас - е еден од најглупавите, али сеедно најчесто употребуван аргумент за препуштање на пороците. Веројатно е слична и твојата прва реакција на овој текст, ама најлошо е тоа што со такво верување самиот себе си ги мачкаш очите, а потоа и на родителите и професорите.

Еве четири чести пороци со кој се сретнува твојата генерација (па така и ти), а кој едноставно воопшто не се цел, иако заради притисокот на медиумите можеби ќе мислиш дека би требал/а да бидеш дел од нив за да бидеш во тренд:





## ЦИГАРИ:

Сте слушале приказни за цигарите што ќе ти дојдат преку глава, и секогаш сте ја вртеле главата од фактот дека цигарите еден ден ќе ти ги претворат белите дробови во исушена канцерогена флека. Но, може да биде касно за каење за лошите навики од младоста.

Дури и ако го прескокнеме тој прв и најважен факт од вовлекувајњето на чадот, на лесниот и невидлив убиец кој остава загаден воздух, мислиш дека е штосно да бакнуваш момче или девојка со арома на пепелник од твојата уста? Или жолтите заби се цел? Ти се допаѓа ли кога смрдеата од чадот се меша со твојт нов скап парфем?

Верувам дека не. Цигара во уста може да биде цел само на цртежите и во филмовите, но во вистинскиот живот не е ништо друго освен симбол на потрошувачка зависност, смрдеа и смрт, а тоа, верувај ми, навистина нема да те направи "фаца" во друштвото.

## ДРОГА:

Убива, под број еден. Аргументите можат да бидат исти како и за цигарите, ако зборуваме за марихуаната која нема да те "навлече" како некои поопасни дроги, ама ќе ти ги разори белите дробови и грлото појако од чадот на цигарите. Да го додадеме и фактот дека нејзините состојки пололека ти ги јадат мозочните ќелии, те заглупуваат и забавуваат во сето она што го правиш, па навистина нема причина да мислиш дека си "фаца" зашто пушиш марихуана.





Хероин? Директен истрел во главата. Кокаин? Ако сакаш да останеш без здравје, пари и здрав ум, само напред. Екстази? Журки преполни со вештачка среќа можат да те чинат живот без емоции (докажано е дека "бонбоните" ги убиваат емотивните мрежи на мозокот) или едноставно живот како таков (смртни случаи поради труење и "телесно прегревање" со екстази не се реткост).

## ПЦУЕЊЕ И ЛАЖЕЊЕ:

Не убива ама не ти е потребно. Воопшто. Пцуењето може само да ти го наруши имиџот. Не мислам на тоа дека треба да се биде светица или светец која треба да го спречи секој "несоодветен" збор и дека приоритет на користење на некои зборови би требале да имаат машките, ама факт е дека никој не сака да слуша девојка која ќе звучи како камионџија.

Од друга старна, лажењето е еден од оние пороци што можат да прераснат во зависност Почнуваш со ситни лаги и со време почнуваш да "пумпаш" и на крајот сè излегува од контрола, додека сопствените лаги не те стигнат и ти дојдат "до глава". Не е сè речено, се надеваме, ама кој знае какви последици се можни.

Всушност, во лагите, велат, куси се нозете, а претпоставувам дека сепак целиш на димензиите од модните списанија...

## НЕОБВРЗАН СЕКС

Околу ова прашање секако сте се изнасушале, ама вреди повторно да се спомене - необврзниот секс има свои волшепства, ама во вашите несозреани години може да има уште поголеми последици и тоа негативни.

Освен половите болести и бременоста (од која никогаш 100% не може да те заштити кондомот), необврзаниот секс те навикнува на водење љубов без љубов, што нема баш некоја голема смисла. Кога ќе најдеш постојано момче и добиеш одредена доза зрелост, сè ќе легне на своето место...



Подготвила: Аделина Христовска

# РОЖДЕСТВО ХРИСТОВО

Христовото Раѓање предизвикува различни мисли и чувства во нашата душа.

Пред сè - вчудовиденост. Бог Господ доаѓа на земјата како Човек – како Богочовек. И како доаѓа? Доаѓа преку Света Дева Марија како Младенец, се раѓа во пештера и бива полаган во јасли – затшто не се нашло друго подобро место за Него.

Во нашите души се раѓа чувството на благодарност. Каква смиреност и колкава Божја љубов спрема човекот! Господ, како човек, живее со нас луѓето, нè поучува на човечки јазик, ни дава поим за вистинската вера, љубов и правда. Прави милосрдни дела и помага. И тоа не само тогаш, пред две илјади години, но и сега – во денешно време.



Зар и сега не живее заедно со нас нашиот Господ во Светата Црква, особено во Своите Свети Тајни, во Светата Причест?

Зар и сега Господ не нè поучува за верата, љубовта и правдата преку Своето Свето и Божествено Евангелие и преку Своите свештенослужители?

И, најпосле, зар и сега Господ не прави дела на милосрдие и не помага? Колку примери има за ова околу нас!

И уште едно чувство се појавува во нашите души. Тоа е чувството на срамот. Тогаш избраниот еврејски народ не сакал да Го познае и да Го признае Христа Спасителот, а дали денес и ние христијаните не ги газиме основните Христови заповеди, љубовта спрема Бога и луѓето.

Само сознанието за тоа што Господ не дошол за праведниците, туку за да ги спаси грешниците – ни дава надеж дека можеме да се спасиме. Заедно со ова се појавува чувството на побожна благодарност кон Бога. Слава во висините на Бога и на земјата мир! Со нас е Бог – разберете народи, покорете се! Со нас е Бог!

Раѓањето на Господа Исуса Христа во Витлеемската пештера било еднаш, а Неговото раѓање во човечкото срце се повторува постојано.

Различни се околностите на Христовото раѓање во пештерата на човечкото срце. Понекогаш тоа бива мирно – почнува уште од самото свето крштевање на човекот. Таков бил Светиот Свештеномаченик Игнатие Богоносец, кој го објаснува своето име со тоа што Го носел Господа во своето срце. Такви треба да бидеме сите Христијани, сите што го носиме Неговото име.

Но, не сме такви. Овој наш голем христијански празник минува сосем поинаку: во несреќи, страдања, болести, недоразбирања, кавги, поплави, земјотреси и војни. Колку многу живи примери имаме за ова! Но, сепак, не е мал бројот и на оние кои сите овие проблеми ги поднесуваат во мир и со благодарност кон Господа за Неговата љубов и поткрепа.

Како и да го празнуваме Христовото Раѓање, тоа секогаш остава радост, мир и среќа во човечките срца.

Мнозина од нас живеат со Господа, но потребно е можеби уште малку да Му отстапиме место на Божествениот Младенец во нашите срца.

А, кај некои пак владее пустош во душата. Што треба тие да направат? Како можат тие да се приближат кон блаженството, мирот и радоста во животот? Тие треба да се трудат да ја очистат пештерата на своето срце од сè што е нечисто и грешно и да Му се молат на Божествениот младенец да ги помилува и да ги посети.

Благочестиви христијани, наше е да се молиме и тогаш кога мислиме дека сме заборавени од Бога, бидејќи Господ и таа молитва не ја остава без одговор.

Христовото Раѓање во човечкото срце е единствениот излез од сите кризи и безизлезни ситуации. Дали можеме да ја сфатиме оваа голема вистина?

Кога се родил Господ Исус Христос најнапред отишле да Му се поклонат пастирите, а по нив Му се поклониле и најучените луѓе во тоа време – мудреците од Исток. Тие Му однеле на Новороденио Цар злато, ливан и смирна. Најголемиот број од луѓето тогаш ништо не Му донеле. Што Му подаривме ние на Христа? Со каков дар Го поздравивме Богомладенецот? Запаливме свеќа во храмот Божји, подаривме нешто на сиромаси! Но, ова не е доволно; потребно е да направиме нешто повеќе. **Што е тоа што можеме да направиме**?

На ова прашање ни одговара една црковна песна: Место злато, смирна и ливан, **да Му подариме на Господа вера, надеж и љубов.**

**Вера** – едноставна, искрена и готова на секаква жртва.

**Надеж** - во тоа дека, што и да се случува со нас во нашиот живот, сè се случува според Божјата волја, за наше добро, за наше поправање и исчистување, за спасение на нашата душа.

И, најпосле **Љубов** кон Бога и кон луѓето. Сега во светот има сосема малку љубов. Подарената љубов сега е најреткиот најскапоцениот дар. Затоа да Му ја подариме нашата љубов на Господа. Да се ослободиме од гордоста, омразата, љубомората, среброљубието, властољубието, од сите навреди, од сите пакости, да го исфрлиме секое зло и секој грев од нашето срце, и да го исполниме со љубов и нежност спрема сите луѓе – тоа е патот кон нашето спасение!

"Радувајте се, усовршувајте се, утешувајте се, бидете едномислени, живејте во мир и Бог на љубовта и на мирот нека биде со вас! (2 Кор. 13:11). Амин.

Отец Кирко Велински

# БЕЛ КРСТОЗБОР

*Црните полиња треба сами да ги пронајдете. Нивниот број за секој ред и колона означен е по рабовите од ликот.*

**ХОРИЗОНТАЛНО:** 1. Град во Авганистан, 2. Ловечко куче (мн.), 3. Попуштање, 4. Иницијалите на шахистот Еванс - дел од Земјината површина населен со некој животински или растителен свет, 5. Математичка непозната - знак за индиум - знак за тон, 6. Северноатлантскиот воен сојуз - муслиманско машко име, 7. Жители на една азиска земја, 8. Автознак за Тајланд - синтетичка ткаенина, 9. Името на пливачот Нестор - американски режисер, Спајк, 10. Ориентална слатка (мн.) - скратеница за температура, 11. Река во Адрика (минува низ Ангола, Намибија иБотсвана), 12. Знак за платина - ѕвезда во "Орел", 13. Знак за злато - впиши: Њ.И. - знак за бариум, 14. Кошара за овци (мн.) - неопходен зачин, 15. Женско име, Анка - боцка, 16. Романтичар.

**ВЕРТИКАЛНО:** 1. Состојка на каолинот - вид елен, 2. Работник во аптека - серенада, 3. Орган за мирис - дел од механиката - Полски писател, Станислав, 4. Стара, излапена - надежи - знак за алт, 5. Марка компјутери - мирисливи материи, зачини - автознак за Тунис, 6. Театарско или музичко изведување засновано на импровизација и шокирање на публиката - хрватска рафинерија - 'рбет на планина, 7. Ноевиот брод - површинскиот слој од Земјината кора (силициум-алуминиум) - човеколики мајмуни со многу долги предни екстремитети (живеат во југоисточна Азија), 8. Мостот на воздишките во Венеција - крајбрежје - знак за калиум.

*потсетник: АТАИР - ѕвезда во "орел"; ОКАВАНГО - река во Африка; ЛИТОРАЛ - крај-брежје; АПОРТЕР - ловечко куче;*

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | | | | 0 |
| 2 | | | | | | | | | 0 |
| 3 | | | | | | | | | 0 |
| 4 | | | | | | | | | 1 |
| 5 | | | | | | | | | 2 |
| 6 | | | | | | | | | 1 |
| 7 | | | | | | | | | 1 |
| 8 | | | | | | | | | 1 |
| 9 | | | | | | | | | 2 |
| 10 | | | | | | | | | 1 |
| 11 | | | | | | | | | 0 |
| 12 | | | | | | | | | 1 |
| 13 | | | | | | | | | 2 |
| 14 | | | | | | | | | 1 |
| 15 | | | | | | | | | 2 |
| 16 | | | | | | | | | 0 |
| | 1 | 1 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |

# ПИРАМИДА





1
2
3
4
5
6
7
8
9

**Секој нареден збор се добива со анаграмирање на претходниот откако на истиот ќе му се додаде една буква**

1. Знак за фосфор, 2. Пилула, 3. Плочка за играње хокеј на мраз, 4. Името на гитаристот Де Лусија, **5. Африканско животно слично на жирафа,** 6. Втор примерок (фалсификат), 7. Жителки на една азиска земја, 8. Војник вооружан со копје, 9. Жителки на нашата метропола.

# аритмогриф

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | држава во Африка |
| 5 | 6 | 7 | 8 | африканско племе |
| 9 | 10 | 11 | свеска | |



**решение: 6,2,9,4,11,10,8,1,5,3,7**

## ПРЕКРАСНИТЕ ЕЗЕРА НА БАБА



анаграм

**ЧИСТИ СЕ К'О ПЕРЛИ**

решенија: бел крстозбор - кандахар, апортери, отстанка, пе, ареал, икс, ин, т, нато, исо, иранчани, т, тергал, нико, пи, локуми, т, окаванго, пт, атаир, ау, њи, ба, трла, сол, пирамида - п, ап, пак, пако, окапи, копија, јапонки, копјаник, скопјанки; аритмогриф - гана, афар, том (фатаморгана); анаграм - пелистерски очи.

**КАТЧЕ ЗА ЗАБАВА**



# Македонска трпеза

## ВИ ПРЕПОРАЧУВАМЕ:

### СВИНСКА ГЛАВА ВО РАСОЛНИЦА

Потребно е:
една свинска (прасечка) глава
2 литри расолница
буковска пипер
црн пипер во зрно
4 чешњина лук

Свинската глава убаво се мие. Во длабоко тенџере, на чие дно се става превртена чингена чинија, се става главата, црниот пипер, и со расолницата се полни тенџерето до неговата поливина. Се вари на тивок оган два до три часа, а по потреба се долева расолница. Кога месото ќе почне да се одвојува од коските, се гасне огнот и главата се "чисти" од сите тврди состојки. Потоа, во чорбата се ставаат исечениот лук и буковската пипер. Се послужува топло, а може да се јаде и како пача.



### АНАНАС ВО СЛАНИНА

За подготовка на ова предјадење за 4 лица потребни ви се следниве производи:

- 9 ленти чадена сланина
- 9 круга ананас од конзерва
- 50 гр путер
- масло за јадење

Потребно време за подготовка на ова предјадење е 20- тина минути.

На даската за сечење лентите сланина ги сечеме на половина по должина. Првиот круг ананас го засекуваме на едно место. Потоа од кај засечената страна ги протнуваме лентите сланина. Целиот круг ананас го обвиткуваме со ленти сланина. Истата постапка ја повторуваме со сите кругови ананас.
Во тава за пржење на оган ставаме путер да се растопи. Во тавата додаваме масло за јадење. На загреаната мрсотија го ставаме ананасот во сланина да се пржи. Откако ќе се испржат од едната страна парчињата ананас ги превртуваме во тавата. Со алактка сечеме многу тенки кругови нелупена краставица. Парчињата краставица ги редиме на чинијата за сервирање. Испржениот ананас го ставаме на чИнија. Продолжуваме да сечеме кругови краставица. Парчињата краставица скалесто ги редиме од двете страни на чинијата за сервирање. Со алатка сечкаме многу тенки долгнавести парчиња морков. Парчињата морков ги ставаме на средината на чинијата за сервирање. Врз морковите скалесто ги редиме парчињата Ананас во сланина.

Со ова предјадење ви предлагаме да се напиете квалитетно суво црвено вино.

Добар апетит.

# ПОЛНЕТИ ПИЛЕШКИ ГРАДИ

За подготовка на ова јадење за 4 лица потребни ви се следниве производи:

- 3 парчиња пилешки гради
- 50 гр. чадена сланина
- 1 јајце
- 1 паштета
- 100 гр. шунка
- 1 земичка
- 100 мл млеко
- магдонос
- масло за јадење
- сол и црн пипер
- 4 компири



Потребно време за подготовка на ова јадење е 60- тина минути.

На даската за сечење шунката ја сечкаме на коцки. На коцки на сечкаме и сланината. Земичката ја кинеме на парчиња. Парчињата земичка ги додаваме во садот со млекото. Гмечиме со рака, за земичката да го впие млекото. Потоа од смесата со двете раце го истиснуваме млекото. Едно претходно сварено јајце ситно го сечкаме. И магдоносот ситно го сечкаме. Пилешките гради ги засекуваме по должина. Добиената пилешка шницла ја толчиме со чук. Ја посолуваме. Омекнатата земичка ја ставаме во поголем длабок сад. Во садот ги додаваме шунката, сланината, магдоносот, јајцето и паштетата. Посолуваме. Наросуваме мелен црн пипер. Ги мешаме состојките со лажица. Со оваа смеса го филуваме пилешкото месо. Ги превиткуваме краевите, за да не испаѓа филот. Потоа виткаме ролат. Истата постапка ја повторуваме со сите три парчиња пилешки гради. Ролатите ги зацврстуваме со готварски конец. Тавата за печење ја попрскуваме со масло за јадење. Во тавата ги редиме ролатите. Измиените, но нелупени компири ги сечкаме на парчиња. И парчињата компири ги додаваме во тавата. Во тавата налеваме околу 250 мл вода. Посолуваме. Тавата ја ставаме во рерна. Печеме 30- тина минути на температура од 200 степени. Ја вадиме тавата од рерна. Ги вадиме ролатите од тавата и ги ставаме на даската за сечење. Од секој ролат го отстрануваме конецот, со кој беше зацврстен.
Чинијата за сервирање ја украсуваме со листови зелена салата. Ролтите ги сечеме на парчиња. Полнетите пилешки гради ги редиме на чинијата за сервирање. На чинијата ги сервиране и парчињата печени компири. Еден домат го лупиме во круг. Од лушпата на доматот формираме цвет. Со цветот декорираме на средината на чинијата.

Со ова јадење ви предлагаме да се напиете квалитетно суво бело вино.

# НЕОБИЧНИ ЧОКОЛАДНИ КОРПИЧКИ

За подготовка на овој десерт потребни ви се следниве производи:

- 150 гр. чоколада за готвење за корпичките и 250 гр. чоколада за крем
- 4 јајца
- 200 мл. хопла
- 1 ванилин шеќер
- 6 хартиени корпички



Потребно време за подготовка на овој десерт е 30 - тина минути.

Чоколадата за готвење ја кршиме на коцки и ја ставаме да се топи на пареа. Мешаме за време на топењето на чоколадата. Садот со растопена чоколада го тргаме од оган и го ставаме на работната маса. Со готварска четка со растопена чоколада ги премачкуваме хартиените корпички. Корпичките ги редиме на чинија. Ги ставаме корпичките во замрзнувач да се стегнат. Откако чоколадата ќе се стегне со готварска четка корпичките ги премачкуваме со нов слој чоколада за готвење. Корпичките ги редиме на чинија. Повторно ги ставаме корпичките во замрзнувач да се стегнат. Садот го враќаме на пареа. Во него ја додаваме чоколадата искршена на коцки. Мешаме за чоколадата побрзо да се растопи. Непрекинато мешајќи во садот ја додаваме хоплата. Кршиме едно јајце и ја делиме жолчката од белката. Белката ја ставаме во поголем длабок сад. Жолчката ја додаваме во садот со растопена чоколада на оган. Мешаме со жица за матење. Го кршиме второто јајце и ја делиме белката од жолчката. Белката ја додаваме во садот со претходната белка, а жолчката во растпената чоколада на оган. Мешаме со жица за матење. Го тргаме садот од оган. Белките ги матиме со миксер. Во изматените белки го додаваме ванинпот шеќер. Го исклучуваме миксерот. Изматените белки со лажица ги додаваме во садот со изладена растопена чоколада. Хартиената корпичка ја отстрануваме, а формираните чоколадни корпички ги редиме на чинија. Чоколадниот крем го полниме во готварски шприц. Со готварскиот шприц ги полниме чоколадните корпички со чоколаден крем. Врз кремот наросуваме лупени сечкани бадеми. Корпичките ги ставаме во замрзнувач за да се стегне кремот.
Корпичките ги редиме на чинија за послужување.

Со овој десерт ви предлагаме да се напиете суво бело вино.

Добар апетит.



*Зина Крења како Мизета во операта "Боеми"*

## ЗИНА КРЕЉА

На 22 ноември 2004 година во Скопје почина познатата македонска оперска дива Зина Креља. Родена од мајка Македонка пред 80 години, целиот свој работен век го мина во Операта на Македонскиот народен театар во која ја вгради целата своја уметничка харизма. Македонците од Хрватска од постара возраст ќе се сетат на нејзиниот репертоар од колоратурен сопран во изведбата на нејзините креации како Џилда во "Риголето", Чо Чо Сан во "Мадам Батерфлај", Мими во "Боеми" и многу други. Сепак, тоа што ја направи специфична и уникатна во вистинската смисла на зборот, а и според публиката и колегите, трајно ќе остане запаметена по нејзината креација на Виолета во "Травијата" од Џузепе Верди.

Добитничка е на голем број награди и признанија, меѓу кои и на престижната државна награда "11 Октомври".

По тој повод, на нејзиниот брат Феодор Креља, член и активен соработник во македонските друштва од Загреб и член на првата редакција на "Македонски глас" од 1993 година, ние Македонците му изразуваме искрено и длабоко сочувство.

## МАРИЈА ГРУЈОСКА–ТРАЈКОСКА

На 11 ноември 2004 година згасна животот на Марија Грујоска–Трајкоска. Нашата тетка Маре, како што сите ја нарекувавме, по две мачни години ја изгуби битката со опаката болест. До вечниот дом ја испратија сите оние што ја сакаа: семејството, пријателите и сите оние Македонци што ја познаваа.

Марија се роди на 2 октомври 1933 година во Прилеп, како прва ќерка во семејството Грујоски. Секогаш опкружена со љубов од своите, таа во родниот град го оформува своето образование. Тука го формира и своето семејство со Василе Трајкоски со кого добива две деца, кои и беа најголемата љубов и среќа. На работното место во Здравствениот дом на Прилеп Марија беше почитуван и вреден работник.

Но, откако нејзините деца, по завршувањето на студиите трајно се населуваат во Загреб, Марија и Василе во 1974 година го продолжуваат својот живот во главниот град на Хрватска. Вработена во "Кроацијатранс", Марија не ја штедеше својата енергија и активно се вклучи во македонската заедница во Загреб. Посебна љубов и самопрегорност покажа во формирањето и работата на загрепската Македонска православна општина, каде тетка Маре сите ги сакаше како свои родени деца.

Затоа, Марија Грујоска–Трајкоска вечно ќе остане во убав спомен на сите Македонци што живеат во Загреб и во Хрватска.



# СМОЛАРСКИОТ ВОДОПАД – РАЈ ЗА ОЧИТЕ И ДУШАТА



Кога сте во **струмичкиот крај**, случајно или намерно, не заборавете да запознаете нешто повеке од неговите природни убавини. Една од нив е и **Смоларскиот водопад**. Доколку тргнувате од **Струмица** тогаш можете да одите или по патот преку **Ново Село** или преку **Банско (Бања Банско)**.

Водопадот се наоѓа во прегратките на стрмата и непредвидлива планина **Беласица**, богата со бујна и разновидна вегетација. Овој водопад е еден од највисоките и претставува посебна природна атракција. Лоциран е во еден од кањоните, на надморска височина од 650 метри и 1.200 метри оддалеченост од селото **Смоларе**. На крајот на селото патот до водопадот најнапред е макадамски, а потоа патеката се стеснува и во срцето на шумата на **Подгоријата** се искачувате по многубројните скали направени од природен камен, во вид на камени плочи, чија структура е богата со светликави честички па на сончевите зраци ви се чини како да се движите по сребрена патека. Качувањето не претставува напор бидејки можете да застанете и да уживате во дебелите сенки на високите дрвја и во богатството на цвеќињата. Во длабоката долнина се слуша силниот жубор на брзата планинска вода, а звукот се меша со појот на птиците. Кога пред вас ќе се покаже водопадот, како да ви е одземен здивот. Тоа е напросто рај за очите и за душата.

По цврстите огромни камења силната вода паѓа од 35 метри височина во плиткото корито на кањонот кој не е единствен во планината. Од водопадот надолу кон селото водата истекува во тесни брзаци и ја образува реката **Ломница**. Водата извира во близина, од изворите и бистрите кладенци на Беласица. Водопадот со својата убавина ве мами да ги почувствувате капките и студенилото на водата, затоа секакако спуштете се до него – почуствувајте го.

До најгорната точка на водопадот може да се пристигне по заобиколен пат и љубителите на височините, најхрабрите и оние кои се занимаваат со опасни спортови, водопадот можат да го гледаат од височина. На овој водопад е промовиран **кањон–спортот**, за што членовите на спелеолошкото друштво "Пеони", спуштајќи се по лизгавите карпи и по студената вода (заштитени со нуркачка опрема), ја трасираа патеката.

На овој Ваш излет, за одмор и уживање во ладните сенки на Беласица слободно понесете скара, а за десерт лубеница или на враќањето сврatete во некој ресторан во Ново Село на традиционални јадења или на прошетка и капење во Банско.

Анка Рабузин



**СМОЛАРСКИ ВОДОПАД**